ISSN 0579-0263

СОЈУЗ НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ИСТОРИЈА

ГОД. XLIII СКОПЈЕ 2007 БРОЈ 1-2

ИСТОРИЈА

Година XLIII Скопје 2007 Број 1-2

## СОДРЖИНА

### СТАТИИ - ПРИЛОЗИ

Ванчо ЃОРЃИЕВ
**УНИЈАТСТВОТО ВО МАКЕДОНИЈА И ДИМИТАР ПОП ГЕОРГИЕВ БЕРОВСКИ** ........ 3

Димитар ЉОРОВСКИ ВАМВАКОВСКИ
**ГЕРМАНОС КАРАВАНГЕЛИС И НЕГОВАТА ДЕЈНОСТ ЗА ВРЕМЕ НА ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ** ........ 17

Виолета АЧКОСКА
**ИНФОРМБИРОВСКАТА КАМПАЊА И МАКЕДОНСКИТЕ БЕГАЛЦИ ОД БЕЛОМОРСКА (ЕГЕЈСКА) МАКЕДОНИЈА** ...... 33

Борче ИЛИЕВСКИ
**ПОЛИТИЧКИ, ЕКОНОМСКИ И ПРОСВЕТНИ АСПЕКТИ НА ИСЕЛУВАЊЕТО НА ТУРСКО НАСЕЛЕНИЕ ОД МАКЕДОНИЈА ВО ПЕДЕСЕТИТЕ ГОДИНИ НА XX ВЕК** ......... 49

Тодор ЧЕПРЕГАНОВ
**ДИМИТАР ВЛАХОВ ВО БРИТАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА 1944-1949** ........ 63

Драги ЃОРГИЕВ
**ВЕРСКАТА СТРУКТУРА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО СОЛУНСКИОТ САНЏАК СПОРЕД ПОПИСОТ ОД 1568/69 г.** ........ 71

Дијана ПЕТРЕСКА
Никола МИТРОВИЌ
**ЕТИЧКИ КОДЕКС НА АРХИВИСТИТЕ** ........ 79

Стефан ПАНОВСКИ
**ДЕЛАТА НА БОЖЕСТВЕНИОТ АВГУСТ** ........ 87

Тодор ЧЕПРАГАНОВ
Лилјана ПАНОВСКА
**ВОЕНИТЕ ОПЕРАЦИИ НА ГРАМОС (јуни - август 1948) НИЗ БРИТАНСКИ ДОКУМЕНТИ** ........ 117

Катерина ТОДОРОВСКА
Методија МАНОЈЛОВСКИ
**МУСЛИМАНСТВОТО КАКО ИНТЕГРАТИВЕН ФАКТОР ВО ОСМАНСКАТА ИМПЕРИЈА** ........ 131

## НАСТАВА

Душанка ДИМЕВСКА
**ИСТОРИЈАТА КАКО НАСТАВЕН ПРЕДМЕТ КАЈ УЧЕНИЦИ ОД НАЈМАЛА ВОЗРАСТ -НАБЉУДУВАЊАТА КАКО НАЧИН ЗА УЧЕЊЕ ИСТОРИЈА** ........ 139

Невена ПЕТКОВСКА
**НАСТАВНИ ТЕХНИКИ** ........ 143

## ПРИКАЗИ

Даринка Петреска, Виолета Ачкоска, ОСОЗНАВАЊЕ НА ИСТОРИЈАТА, Скопје, 2007, 386 ........ 151

МАКЕДОНСКИ БУКВАР, редакција д-р Катерина Тодороска и Кирил Јордановски МЕНОРА, 2007, 174 ........ 155

Борис А. Панделишев, Лидија Дикова, СПАС ОД ЗАБОРАВ, Струмица ........ 157

СООПШТЕНИЕ ........ 165

МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА "ИСТОРИЈА, ИСТОРИОГРАФИЈА И НАСТАВА ПО ИСТОРИЈА " ........ 167

Стефан ПАНОВСКИ

# ДЕЛАТА НА БОЖЕСТВЕНИОТ АВГУСТ

Ова е препис на делата на божествениот[1] Август, со кои сиот свет му го потчини на римскиот народ и на сумата што ја потроши за Републиката и римскиот народ, а се врежани на два бронзени столба и поставени во Рим.[2]

(**Прва табла**) 1. На деветнаесет години,[3] според лична проценка[4] и на свој трошок,[5] собрав војска, со која што ја ослободив Републиката притисната од самоволието на заговорниците.[6] Поради тоа,[7] за време на консулството на Гај Панса и на Аул Хиртиј,[8] со почесни одлуки Сенатот ме прими во својот ред; а истовремено, при искажувањето на мислење, ми

---

[1] Употребата на придавката divi, јасно покажува дека овој уводен дел, што со поголеми букви бил испишан над првите три табли е напишан по смртта на Август, а од зборовите incisarum и exemplar subiectum, е јасно дека е адаптација на оригиналниот увод од текстот во Рим. Оригиналниот текст во Рим бил поставен пред мавзолејот на Август.

[2] Во грчкиот превод пишува: Μεθηρμηνευμέναι ὑπεγράφησαν πράξεις τε καὶ δωρεαὶ Σεβαστοῦ θεοῦ, ἃς ἀπέλιπεν ἐπὶ Ῥώμης ἐνκεχαραγμένας χαλκαῖς στήλαις δυσί (Ова е превод на делата и даровите на божествениот Август, што ги оставил во Рим, врежани на два бронзени столба).

[3] Октавијан наполнил 19 години на 23. септември 44 год. ст.е. За доаѓањето на Октавијан во Рим и неговото вклучување во римската политика: M. Toher, „Octavian's arrival at Rome, 44 B.C.," *CQ* 54.1 (2004), pp. 174-184., pp. 174-184.

[4] Преводот „според лична проценка" не соодветствува сосем на изразот privato consilio, што најчесто се преведува „на своја рака." Меѓутоа, со буквалниот превод се постигнува токму тоа што Август се обидува да го избегне; имено, дека неговите постапки во 44. год. ст.е. се незаконски - тој како приватно лице собирал војска за борба со легално избраниот конзул (Антониј), мерка што малку се разликува од дејствата на Катилина. Таквото сфаќање би било исто како Август да кажел nullo publico consilio, а тоа е нешто што мислам дека никако не му било намера. Грчката форма ἐμῆι γνώμηι дозволува превод „според лична проценка."

[5] За тоа од каде Октавијан собирал средства за да ги привлече војниците и воопшто за да ја спроведе својата политика: Syme, 1939, pp. 127-131.

[6] т.е. од Марк Антониј кој бил конзул во 44 год. ст.е. и неговите приврзаници. Карактеристично е што Август на ниту едно место во *R.g.d.A.* не ги споменува по име политичките противници.

[7] Всушност, вклучувањето на Октавијан во Сенатот се должи на договорот постигнат меѓу него и сенаторската странка; од една страна, Сенатот преку „наследникот на Јулиј Каесар" се надевал дека ќе привлече значаен број на каесаровци, а пак Октавијан се обидувал да ги озакони дотогашните мерки што ги презел.

[8] Во 43 год. ст.е.

даде место меѓу консуларите[9] и ми додели империум.[10] Сенатот ми нареди како пропретор,[11] заедно со конзулите да се погрижам Републиката да не претрпи некаква штета.[12] Истата година, кога обата консули загинаа во битка,[13] народот ме назначи за консул,[14] а за да ја уредам Републиката и за триумвир.[15]

2. Ги прогонив оние кои што го убија мојот татко,[16] ги казнив за нивниот престап со законска пресуда,[17] а кога потоа започнаа војна против Републиката ги поразив двапати во битка.[18]

---

[9] Консулари се нарекувале поранешните консули. Кога се составувале сенатските списоци (т.е. редот според кој сенаторите добивале право да зборуваат во Сенатот), на прво место се внесувале консуларите. *cf.* Smith, 1870, *s.v.* album и consularis.

[10] Воената и цивилната власт се нарекувала imperium. Во Рим се разликувал imperium maius (т.е. врховна цивилна власт и командување со војската) и со него се стекнувале конзулите; додека пак преторите добивале imperium minus; и summum imperium (т.е. целокупната власт во државата) што го добивал диктаторот. Поопширно кај Smith, 1870, *s.v.* imperium и *OCD²* *s.v.* imperium.

[11] Управниците кои добиле управа над некоја провинција по истекот на магистратските овластувања, се нарекувале промагистрати и се делеле на проконсули и пропретори.

[12] т.е. била донесена мерката senatus consultum ultimum. Имено, во раниот и средниот период на Републиката, кога државата се наоѓала во голема опасност (било надворешна или внатрешна), се избирал диктатор. Подоцна пак, наместо диктатор, во такви ситуации Сенатот им доделувал вонредни овластувања на конзулите и таа одлука се нарекувала senatus consultum ultimum и гласела: Videat consules ne quid detrimenti res publica caperet (Конзулите да се погрижат државата да не претрпи никаква штета). Ваква одлука прв пат била донесена во 121 год. ст.е. кога дошло до судири меѓу приврзаниците на Сенатот и приврзаниците на Гај Гракх. *cf.* Plut., *Tib. et Gai. Gracc.*, 35.

[13] Хиртиј и Панса загинале во борбите кај Мутина во 43 год. ст.е. Имало гласини дека Октавијан бил одговорен за нивната смрт, *cf.* C. Tacitus, *Ann.*, I.10. Иако оваа верзија не е невозможна, сепак се чини неверојатна. И Панса и Хиртиј биле истакнати каесаровци и нивната цел секако дека не била да се уништи ниту странката на Октавијан, ниту пак онаа на Антониј. *cf.* App., *Bell. civ.*, III.10.75-76.

[14] По смртта на Хиртиј и Панса, Сенатот се обидел политички да го неутрализира Октавијан. Тогаш Октавијан со војската тргнал на Рим и во таа ситуација бил избран за суфектен консул. *cf.* App. *Bell. civ.*, III.10.74., III.12.86. - 13.94.

[15] Несигурната ситуација во Италија, но и вознемирувачките вести дека републиканците предводени од Касиј Лонгин и Марк Брут собрале значителни сили на истокот, го принудиле Октавијан да му се приближи на Антониј, кој веќе стапил во сојуз со Марк Лепид. Така бил склучен вториот триумвират. За разлика од првиот триумвират, што претставувал неформален договор меѓу тројцата најмоќни луѓе во Рим; на предлог на народниот трибун Титиј (lex Titia), вториот триумвират бил легализиран, како вонредна магистратура со задача тиумвирите да ја средат состојбата во Републиката (tres viri rei publicae constituendae). Опширно кај Syme, 1939, pp. 176-187; Машкин, 1949, стр. 176-198.

[16] т.е. убијците на Јулиј Каесар. Но, мора да се истакне дека најважните личности меѓу заговорници-те ја напуштиле Италија уште пред да се појави Октавијан на политичката сцена.

[17] според lex Pedia. *cf.* V. Paterc., *Hist. Rom.*, II.69.5.

3. Често водев внатрешни и надворешни војни, по море и копно низ сиот свет и како победник ги поштедив сите што побараа милост.[19] Кога беше можно безопасно да им се прости на надворешните племиња, наместо да ги уништам, претпочитав да ги поштедам.[20] Околу 500.000 римски граѓани ми положија воена заклетва. Од нив, нешто повеќе од 300.000, кога им истече воениот рок, населив во колониите или пак ги вратив во нивните муникипии[21] и како награда за воената служба, на секој му доделив земја или му дадов пари.[22] Заробив 600 брода, не сметајќи ги бродовите помали од триремите.[23]

---

[18] Во 42 год. ст.е. во битките кај Филипи. За операциите кај Филипи: App. *Bell. civ.*, IV.13.105-16.129; Plut., *Antonius*, 22, *Brutus*, 40-49, Cass. Dio, *Hist. rom.*, 47. 42-48. Но, иако Октавијан себе си си ја припишува заслугата за победата, освен грешките што ги направиле републиканците, најголема заслуга за победата бездруго имал Антониј. Поискрена верзија за настаните Август дал во своите мемоари, каде признал дека уште пред битката, поради сонот од претходниот ден, заминал од бојното поле (Plut., *Anton.*, 22.2. *cf.* V. Paterc., *Hist. Rom.*, II.70.1.). Меѓутоа, друга верзија, уште calponижувачка за Август е зачувана кај Плиниј, кој вели дека Октавијан побегнал од бојното поле, па иако болен, три дена се криел во мочуришта; а тоа не можеле да го одречат ниту Агрипа, ниту Маекенат (C. Plin. Sec., *Nat. Hist.*, VII.148.).

[19] Се мисли на благоста што ја покажал по битката кај Актиј и по освојувањето на Египет, за што добил и corona civica. На повеќе монети се среќава натписот OB CIVIS SERVATOS (*cf.* Hill, 1909, p. 153; Syme, 1939, p. 160). Меѓутоа, неговото однесување при проскрипциите, по битката кај Филипи и Перусиската војна, не остава место за сомнеж дека Октавијан, секогаш кога било потребно, без никакво двоумење бил способен да пролие римска крв. Детален приказ на проскрипциите кај App., *Bell. civ.*, IV.2.5-6.50; C. Suet., *Aug.*, 27.1-2. За постапките на Октавијан кај Филипи и Перусија, изворите се контрадикторни.

[20] Тука Август ја истакнува својата мирољубива надворешна политика. Но, додека за источната граница ова е точно (со исклучок на експедициите во Африка и Арабија), на Балканот и на запад, Август се обидел да ги прошири границите на Империјата, сé додека големото востание во Панонија и Далматија (6-9 год. н.е.) и катастрофалниот пораз во Тевтобуршката шума (9 год. н.е.) - во која Римјаните загубиле три легии - не го приморале да премине на одбранбена политика. Одбранбената политика им ја препорачал и на оние кои ќе дојдат по него (C. Tacitus, *Annales*, I. 11).

[21] Муникипиј: автономен град во Италија или во провинциите, чии жители не се доселеници од Рим, а имаат римско граѓанско право, со исклучок на политичките права (cives sine suffragio). Опширно во *OCD² s.v.* municipium.

[22] Во текот на кариерата, Октавијан три пати морал да го решава проблемот со масовно населување на ветераните - по битката кај Филипи, по битката кај Актиј и во 14 год. ст.е., т.е. на почетокот од големата „западна офанзива." За населувањето на ветераните по битката кај Филипи: Pelling, 1996, pp. 14-17; М. Мирковић, *Римска држава под краљевима и у доба републике (753 – 27. пре Хр.) – историја и институције*, Београд, 2002, стр. 314, 316-317; Syme, 1939, pp. 207-211. За населувањето по Актиј и египетската кампања: Pelling, 1996, p. 61-62; Bury, 1900, pp. 4-5. За населувањето во 14 - 13 год. ст.е.: Wells, 1992, p.71, 87. Мора да се истакне дека за периодот на граѓанските војни, употребата на поимот ветерани е само условна. Навистина, меѓу војниците кои биле распуштени имало и голем број на ветерани во вистинска смисла на зборот (т.е. војници кои биле во

4. Двапати за победите бев награден со овација,[24] а трипати водев курулски триумф[25] и бев наречен император[26] дваесет и еден пат. Сенатот ми изгласа уште многу триумфи, но сите ги одбив. Во согласност со заветите што при секоја војна ги давав, лавровите гранки од разврзаните фаски ги положив на Капитолиј.[27] За успесите што лично ги постигнав по

---

служба 16 или повеќе години), но главнината ја сочинувале војници регрутирани само заради неколку воени кампањи и законски немале доволно стаж за да се наречат ветерани.

[23] Август ги вбројува сите освоени бродови и од војната со Секст Помпеј и од војната со Антониј.

[24] „Двапати влегол во градот прославувајќи овација - по Филипи, а повторно и по Сикилиската војна." (C. Suet., *Aug.*, 22). Овацијата се изгласувала доколку постигнатата победа не била одлучувачка, или пак во битката непријателите претрпеле мали загуби; исто така и доколку победата била постигната над сразмерно полсаб непријател, при што било недостојно да се изгласа курулски триумф. За разлика од триуфмот, при овацијата победникот влегувал во градот пешки или пак на коњ. Детално кај Smith, 1870, *s.v.* ovatio.

[25] „Прослави три триумфи, еден за Илирската војна, втор за Ахајската победа и трет за Клеопатра." (T. Liv., *Perioch.*, CXXXIII). Октавијан трите триумфи ги прославил на 13, 14 и 15 август, 29 год. ст.е. *cf.* Crook, 1996, p. 75-76. При курулски триумф, победникот се возел на двоколка влечена од четири коњи, при што пред него биле водени заробениците и пленот, а по него одела неговата војска. Поворката се движела по Via Sacra, а потоа победничкиот заповедник продолжувал на Капитолиј каде жртвувал во храмот на Јупитер. Право да му изгласаат на заповедникот триумф имале само Сенатот и народот, при што во предвид се земале повеќе критериуми - победникот да биде диктатор, конзул или претор, а мандатот да не му е истечен во времето на прославата; во битката да загинале најмалку 5.000 непријатели, а римските загуби сразмерно мали; победата да е постигната во праведна војна, водена против надворешни непријатели на државата; со победата да е стекната нова територија, т.е. да не се работи за победа со која само е вратена територија што во одреден период била загубена; победата да е до толку решавачка, што заповедникот можел да ја повлече војската во Рим. Освен курулски триумф, имало и поморски триумф (triumphus navalis) - изгласан за некоја поморска победа и логорски триумф (triumhus castrensis) кога војската во поворка минувала низ логорот, во чест на некој офицер кој постигнал значаен воен успех. Сè до времето на доцната Република, критериумите неопходни за изгласување на триумф биле строго оценувани и применувани, а подоцна се среќаваат чести прекршувања. *cf.* Smith, 1870, *s.v.* triumphus.

[26] Во прво време, император се нарекувал секој магистрат кој имал империум. Подоцна, војската обично го извикувала победничкиот заповедник за император. *cf.* Seyffert, 1894, *s.v.* imperator и *OCD²* *s.v.* imperator. Прашањето за кои победи Октавијан бил извикан за император е обработен од T. D. Barnes, „The Victories of Augustus ," *JRS* 64 (1974), pp. 21-26. Меѓутоа, ова извикување на Октавијан за император, не треба да се меша со титулата император, што Октавијан си ја придодал како дел од официјалната титулатура. Како јасен показател дека треба да се прави разлика меѓу Imperator како дел од титулатурата и imperator како титула доделена од војската, се натписите на кои се среќаваат и двете значења. Спротивно толкување дава G. Rowe, *Princes and Political Cultures: The New Tiberian Senatorial Decrees*, Michigan, 2005, pp. 157-158. Овој проблем детално е испитан од Syme, „Imperator Caesar. A Study in Nomenclature," *Historia* 7, 1958, pp. 172-188, но статијата не ми е достапна.

[27] Конзулите и преторите, пред да заминат во војна, се заветувале на Капитолиј. Доколку походот бил успешен, а заповедникот извикан за император, фаските ги

море и копно, или пак преку моите легати кои беа водени од моите совети, Сенатот педесет и пет пати одлучи да им се искаже благодарност на бесмртните богови. Деновите пак, на кои според одлуката на Сенатот се оддаде благодарност, беа осумстотини и деведесет. Во моите триумфи, девет кралеви или деца на кралеви беа проведени пред мојата кола.[28] До времето кога го пишував ова, тринаесет пати бев конзул, а триесет и седум пати имав трибунски овластувања.[29]

5. Диктатурата што ми беше понудена од народот и Сенатот, во мое отсуство, а и кога бев присутен, во времето на конзулите Марк Маркел и Луциј Арунтиј, ја одбив.[30] Во времето на најголем недостиг од жито, прифатив да се погрижам за набавувањето на храна; и оваа работа така ја исполнив, што за неколку дена, со мојата грижа и моите средства, целиот град го ослободив од стравот и постоечката опасност.[31] Конзулатот, што за таа година ми беше понуден, но и за доживотно, го одбив.[32]

6. Во времето на конзулите Марк Виникиј и Квинт Лукретиј,[33] подоцна и при конзулството на Публиј Лентул и Гнај Лентул,[34] а по трет пат, кога беа конзули Паул Фабиј Максим и Квинт Туберон,[35] кога

---

обвиткувал со ловрови гранки, а по враќањето, ги положувал на Капитолиј, во храмот на Јупитер.

[28] Се знаат имињата на Александар од Емеса, Адиаторикс со жената и децата и Александар Хелиј и Клеопатра Селена (децата на Клеопатра VII).

[29] Август по тринаесетти пат бил конзул во 2. год. ст.е. (конзулските листи од 80. год. ст.е. до 14 год. н.е. се дадени кај Syme, 1939, pp. 525-529), а трибунските овластувања ги добил по 37 пат во 14 год. н.е.

[30] Во 23.-22. год. ст.е. Тибар се излил, а избила и епидемија. Во таа ситуација, народот заканувајќи им се на сенаторите, побарал Август да биде прогласен за диктатор. Август ја одбил диктатурата, но се согласил да се погрижи за снабдувањето на градот (види ја следната белешка).

[31] Истовремено со понудата за диктатура, од Август било побарано и да се погрижи за снабдувањето на Рим со жито. Тој ја прифатил обврската и за само неколку дена, Рим бил ослободен од опасноста, а при тоа Август не ги побарал вонредните овластувања што во 57. год. ст.е. ги добил Помпеј. Но, на Август му било јасно дека на град како Рим му е потребна постојана грижа за снабдувањето (за бројноста на Рим во времето на Август: Wells, 1992, p.88). Во 6. год н.е., на Рим повторно му се заканувала глад, и тогаш, дефинитивно бил установен *praefectus annonae*, кој бил од еквестриски ранк и бил избиран од принкепсот, кому и директно му бил потчинет. Детално за оваа магистратура кај: Pelham, 1911, pp. 90-91, 136-137, 146-147. За организацијата на Рим: Bury, 1900, pp. 64-67; N. Purcell, „Rome and its development under Augustus and his successors," in *CAH* X, 1996, pp.793-797.

[32] Зимата 22.-21. год. ст.е. народот инсистирал Август да биде избран за конзул, а кога овој одбил дошло до нереди, што биле смирени дури откако се појавил Агрипа (Август бил отсутен од Рим).

[33] 19. год. ст.е.

[34] 18. год. ст.е.

[35] 11. год. ст.е.

Сенатот и римскиот народ се сложија[36] дека треба да бидам назначен за надзорник на законите и обичаите без колега и со најшироки овластувања, го одбив секое овластување спротивно на обичаите на предците.[37] Кога Сенатот посака тие работи да ги спроведувам, ги извршив во согласност со трибунските овластувања,[38] а за тие овластувања, од Сенатот пет пати побарав и прифатив колега.[39]

7. Заради воспоставување на Републиката, десет години по ред бев еден од триумвирите.[40] До денот кога го пишувам ова, четириесет години бев принкепс на Сенатот.[41] Бев врховен свештеник,[42] авгур,[43] член (на

---

[36] Останатиот дел од ова поглавје и првата реченица од следното поглавје во латинскиот текст се многу оштетени и со дополнуваат со грчкиот текст од Аполонија. Преводот што овде е даден е според реконструкцијата на латинскиот текст кај S. RICCOBONO, *Acta divi Augusti*, Roma, 1945. и кај *EJ²*.

[37] Ова тврдење на Август, навидум е во спротивност со изјавите на Касиј Дион (54.10) и Светониј (*Aug.*, 27), кои пишуваат дека Август го прифатил наименувањето. Велс (WELLS, 1992, p.55) го решава проблемот на тој начин што претпоставува дека Август всушност потенцира дека не бил избран сам, т.е. без колега и со апсолутни овластувања. Но, Август во наредната реченица јасно кажува дека обврските поврзани со надзорот на законите и обичаите ги исполнувал преку трибунските овластувања. Меѓутоа, текстот на Светониј е сосем јасен и всушност воопшто не е во спротивност со тврдењето на Август. Имено, тој само вели дека Август имал постојано *йраво* (*regimen*) на надзор и дека иако спровел три пати попис, не бил избран за кенсор. Што се однесува пак до Дион, веднаш се забележува дека тој не е добро информиран, бидејќи во истата реченица вели дека Август го прифатил и доживотниот конзулат. Затоа е поверојатно да се претпостави дека Дион, кој е неколку века одалечен од времето на Август, збунет од фактот што Август навистина се грижел за законите и обичаите, претпоставил дека тој прифатил нови овластувања. *cf.* CROOK, 1996, p. 97.

[38] Еден од столбовите на системот на Август, биле трибунските овластувања. Треба да се истакне дека Август никогаш не бил трибун, туку само ги имал овластувањата што трибунската власт ги давала, а во оваа постапка тој го следел Јулиј Каесар, кој ги добил трибунските овластувања во 48. год. ст.е.. Но, сите тие овластувања тој не ги добил одеднаш, туку постепено - уште од 36. год. ст.е., сè до 23, кога и му биле доделени доживотно. год. ст.е. Преку трибунските овластувања, тој можел да го свикува Сенатот, да донесува закони и т.н., но и да ја истакне личната поврзаност со римскиот народ. Краток, но јасен преглед на трибунските овластувања кај: K. LOEWENSTEIN, *The Governance of Rome*, The Hauge, 1973, pp. 249-252; *cf.* CROOK, 1996, pp. 86-87. За вообичаените овластувања што биле дел од трибунската власт, BURY, 1900, p. 6 (n. §), pp. 28-29; WELLS, 1992, p.51-52.

[39] Трибунските овластувања двапати му биле дадени на Агрипа (во 18. год. и 13. год. ст.е.), а трипати на Тибериј (во 6. год. ст.е., 4. год. н.е., 14. год. н.е.). *cf.* PELHAM, 1911, p. 63.

[40] види бел. 14. За точната хронологија на триумвиратот: PELLING, 1996, pp. 67-68.

[41] Август бил принкепс на Сенатот од 28. год. ст.е. Сенаторот кој бил прв на сенаторскиот список, се нарекувал princeps senatus, и имал право прв да го искаже своето мислење.

[42] По укинувањето на кралството, верските функции на кралот преминале на колегиумот од понтифици, кои имале надзор над сиот верски живот, како и над севкупната богослужба. Опширно кај SMITH, 1870, *s.v.* pontifex и *OCD² s.v.* pontifex, pontifices.

колегиумот) на петнаесеттемина за извршување на свети обреди,[44] бев еден од седумте мажи приредувачи на празнични гозби,[45] арвалски брат,[46] придружник на Титиј[47] и фетиален свештеник.[48]

(**Втора табла**) 8. Кога бев консул по петти пат,[49] според волјата на народот и Сенатот, го зголемив бројот на патрикиите.[50] Трипати го прегледав сенатскиот список.[51] Во времето на моето шесто консулство,[52] заедно со колегата Марк Агрипа, спроведов пребројување на народот.[53]

---

[43] Авгурите биле свештенички колегиум, според традицијата основан од Ромул. Тие ја толкувале волјата на боговите според летот на птиците и имале значително влијание врз животот на Римјаните. Опширно кај Seyffert, 1894 *s.v.* augures и *OCD²* *s.v.* augures.

[44] Колегиумот на петнаесеттемина (*Quindecimviri Sacrorum*), бил верско здружение чија главна задача била да ги чуваат сибилските книги и да ги консултираат во секоја поважна прилика. Опширно кај Smith, 1870, *s.v.* decemviri (3. Decemviri Sacris Faciundis).

[45] Septemviri epulones формирале колегиум кој бил еден од најважните во Рим. Нивна главна задача била да ги организираат и да присуствуваат на гозбите посветени на Јупитер, но и на другите богови. Опширно кај Smith,1870, *s.v.* epulones.

[46] Еден од најстарите колегиуми бил оној на арвалските браќа, посветен на Dea Dia. Опширно кај Seyffert, 1894, *s.v.* arval brothers; и W. Smith (ed.), *Dictionary of Greek and Roman Biography and Mythology*, Boston 1867, vol. 1-3, *s.v.* Acca Laurentia и *OCD²* *s.v.* fratres arvales.

[47] Titii Sodales се нарекувал верскиот колегиум што ја застапувал втората римска триба - трибата на Титии, т.е. сабинскиот елемент во Рим, чии припадници и по здружувањето со Латините продолжиле да ги практикуваат сабинските обичаи. Опширно кај Smith, 1870, *s.v.* Titii Sodales и *OCD²* *s.v.* sodales.

[48] Колегиумот на фетиалите внимавал да не бидат погазени законите на меѓународното право. Опширно кај Seyffert, 1894, *s.v.* fetiales и *OCD²* *s.v.* fetiales.

[49] Во 29. год. ст.е.

[50] Иако Јулиј Каесар го зголемил бројот на патрикиите (C. Suet., *Caes.*, 41; *Aug.*, 2), како последица на последните граѓански војни, нивниот бројот загрижувачки се намалил. Поради ова, во 30. год. ст.е., бил донесен Lex Saenia de patriciorum numero augendo, со што Август се овластувал да го возобнови слојот на патрикиите. Законот бил спроведен следната година. *cf.* C. Tacitus, *Annales*, XI. 25; Cass. Dio, *Hist. rom.*, 52.42.5; Syme, 1939, p. 382.

[51] Август трипати ги ревидирал сенатските списоци - во 29, 18 и 11 год. ст.е., додека пак ревизијата од 4. год. н.е. била спроведена од сенаторска комисија. *cf.* Wells, 1992, p.55; Pelham, 1911, pp. 63-64. Максималниот број на сенатори бил ограничен на 600, а минималниот кенс за еден сенатор изнесувал 1.200.000 сестерции. *cf.* Мирковић, 2003, стр. 18-19; Bury, 1900, pp. 30-32.

[52] Во 28. год. ст.е.

[53] Односно бил спроведен кенсус - евидентирање на римските граѓани и нивниот имот и соодветно на тоа, нивно распоредување во една од римските *classes*. Како и во случајот со трибунатот, Август не бил избран за кенсор, туку само ги земал кенсорските овластувања. Исто така и при кенсот од 8. год. ст.е. и 14. год. н.е., тој не бил избран за кенсор, туку привремено ги добил конзуларните овластувања (во постариот период, пред појавата на кенсорите, спроведувањето на кенс спаѓало во ингеренциите на конзулите) *cf.* Crook, 1996, p. 76; Bury, 1900, p. 18.

По прекин од 42 години, спроведов луструм;[54] и тогаш беа изброjани 4.063.000 римски граѓани. Во времето на консулите Гаj Кенсорин и Гаj Асиниj,[55] имаjќи консуларен империум, без колега, повторно спроведов луструм, при што беа запишани 4.233.000 римски граѓани. Третпат, во времето на консулите Секст Помпеj и Секст Апулеj,[56] имаjќи консуларен империум, заедно со моjот син Тибериj Каесар, спроведов луструм и беа запишани 4.957.000 римски граѓани.[57] Многу обичаи на предците што веќе во наше време паѓаа во заборав, благодарение на новите закони што ги донесов, беа возобновени; а, за многу работи, лично им дадов примери на следните поколениjа, достоjни за подражавање.[58]

9. Сенатот одлучи на секои пет години, консулите и свештениците да се молат за моето здравjе.[59] Во текот на моjот живот, како дел од овие молитвени свечености често беа приредувани игри,[60] понекогаш од четирите наjдостоинствени свештенички здружениjа,[61] а понекогаш од консулите. Исто така, во свое име, но и во име на муникипиите, сите граѓани едногласно и постоjано каj сите пулвинари[62] се молеа за моето здравjе.[63]

---

[54] Кога кенсорите ќе jа завршеле своjата обврска, еден од нив спроведувал ритуално прочистување на целиот римски народ. Детално каj Smith, 1870, *s.v.* lustrum и *OCD² s.v.* lustration. Овде, како и во следните реченици, *lustrum* е синоним за *census*.

[55] Во 8. год. ст.е.

[56] Во 14. год. н.е.

[57] Според Fasti Ostienses, броjот на граѓани со кенсот од 14. год. н.е. бил 4.100.900. *cf.* W. Scheidel, „Epigraphy and demography: birth, marriage, family, and death," *Princeton/Stanford Working Papers in Classics*, v.1.0., June 2007, pp. 4-5.

[58] Освен воспоставувањето мир во државата, една од омилените пароли на Август била возобновувањето на обичаите на предците. Но, како што заклучува Саjм (Syme, 1939, pp. 315-316), повикуваjќи се на старите обичаи, Август всушност повторно jа пропагирал идеата дека неговиот систем е само продолжување на старото републиканско уредување, а не некоjа новина.

[59] Молитвите му биле упатувани на Аполон Актиjски.

[60] Прв пат одржани во 28. год. ст.е.

[61] Понтификите, авгурите, septemviri epulones, quindecimviri sacris faciundis.

[62] apud omnia pulvinaria, т.е. во сите храмови. Пулвинар е перница врз коа, за време на принесување на жртви, се поставувале слики или статуи на боговите. Види Smith, 1870, *s.v.* pulvinar; *OCD² s.v.* pulvinar.

[63] На една монета емитирана од Лукиj Мескиниj Руф, се среќава следната легенда: rev. „со оп(шта) со(гласност), на Имп(ератор) Кае(сар) Авг(уст)"; av. „на J(упитер) Н(аjдобриот) Н(аjвеликиот), С(енатот) и р(имскиот) н(арод) му у(патуваат) м(олитви) за з(дравjе) на Имп(ератор) Кае(сар), б(лагодарение) на кого Р(епубликата) е во б(лескава) с(остоjба) и м(ир)."

10. Сенатот одлучи моето име да биде вклучено во химната на салиските свештеници;[64] а со закон беше решено мојата личност засекогаш да биде под божја заштита[65] и да имам трибунски овластувања сè додека сум жив.[66] Кога народот ми понуди да станам врховен свештеник - функција што ја имаше и мојот татко,[67] одбив да го заземам местото на колегата кој беше жив.[68] Неколку години подоцна, откако умре[69] оној кој што ги искористи граѓанските безредија за да ја зграби,[70] ја прифатив оваа функција; и при мојот избор, во времето на консулите Публиј Сулпикиј и Гај Валгиј,[71] од цела Италија се слеа толкаво мноштво луѓе, колкаво што Рим дотогаш не памети.[72]

11. По повод моето враќање, Сенатот посвети олтар на Среќата Повратничка[73] кај Капенската порта,[74] пред храмот на Честа и Доблеста[75] и нареди понтифиците и весталките таму годишно да принесуваат жртви, на денот на кој од Сирија[76] се вратив во Градот,[77] во времето на консулите

[64] Салиите биле свештеници на богот Март, а песните што ги пееле за време на неговите празници се нарекуваат Saliaria Carmina. Опширно кај: SMITH, 1870, *s.v.* salii. Оваа одлука била донесена во 29. год. ст.е.

[65] т.е. бил sancrosanctus. Ваквата божја заштита произлегувала од трибунските овластувања.

[66] види бел. 36.

[67] Јулиј Каесар бил избран за *pontifex maximus* 63. год. ст.е. (*cf.* Plut. *Caes.*, 7.1-4.).

[68] Како и во случајот со Антониј, Август не го споменува по име ниту Лепид, кој бил избран за *pont. max.* по смртта на Јулиј Каесар.

[69] Во 13. год. ст.е. Функцијата *pont. max.* била доживотна.

[70] „Во состојба на збунетост и превирања (во државата), Марк Лепид ја зграби функцијата на врховен свештеник." (T. Liv., *Perioch.*, CXVII). *cf.* V. Paterc., *Hist. Rom.*, II.63.1.

[71] Во 12. год. ст.е.

[72] Откако Јулиј Каесар бил избран за врховен свештеник со поткупување, и откако Лепид ја узурпирал функцијата, Август повторно му го вратил правото на народот да избира *pont. max.* Како што вели Сајм (SYME, 1939, p. 469), целата манифестација попримила карактер на плебисцит и израз на лојалност кон принкепсот.

[73] Олтарот бил посветен во 15 декември 19. год. ст.е. Овој олтар не треба да се меша со храмот на Fortuna Redux, изграден од императорот Домитијан. Опширно кај PLATNER - ASHBY, 1929, *s.v.* Fortuna Redux ara.

[74] Porta Capena била дел од „ѕидините на Сервиј," на југо-западната падина на Каелиј. Види: PLATNER - ASHBY, 1929, *s.v.* Porta Capena. Август, враќајќи се по Via Appia, влегол во Рим низ Капенската порта.

[75] Храмот бил изграден од Гај Мариј (па се нарекува и *monumentum Marii*), од пленот стекнат од Кимбрите и Тевтонците. Види: PLATNER - ASHBY, 1929, *s.v.* Honos et Virtus aedes.

[76] Август бил во источните провинции во периодот 22.-19. год. ст.е. и во таа прилика ги регулирал односите со Партија и реорганизирал дел од провинциите (дури и оние што теоретски спаѓале под сенатските - Азија и Битинија). *cf.* CROOK, 1996, p. 90.

[77] т.е. Рим.

Квинт Лукретиј и Марк Виникиј;[78] а тој ден, според според нашето презиме, го нарече Августалија.[79]

12. Во таа прилика, Сенатот одлучи да испрати дел од преторите и народните трибуни, заедно со конзулот Квинт Лукретиј[80] и првенците, да ме пречекаат во Кампанија - почест што досега никому, освен на мене, не му била доделена.[81] Кога, во времето на конзулите Тибериј Нерон и Публиј Квинтилиј,[82] од Галија и Хиспанија се вратив во Рим,[83] откако во тие провинции успешно ги средив приликите, Сенатот одлучи во чест на моето враќање, на Мартовото поле да се посвети олтар на Августовиот Мир;[84] и нареди во него свештениците и весталките да принесуваат годишни жртви.

13. Нашите предци сакале Јанус Квирински да биде затворен, кога мир стекнат со победи, владеел секаде каде што се протега власта на римскиот народ, по копно и море.[85] Во времето пред моето раѓање, уште од основањето на Градот, според сеќавањата, двапати бил затворен, а откако јас станав принкепс, Сенатот трипати нареди да се затвори.[86]

---

[78] Во 19. год. ст.е. Август се вратил на 12. октомври.

[79] Августалии се нарекувале празниците што биле славени во чест на Август. Меѓу нив спаѓал и овој ден (Cass. Dio, *Hist. rom.*, 54.10.3.). Види: SMITH, 1870, *s.v.* augustales.

[80] Всушност, Август се обидува да ја прикрие кризата до која дошло во 19. год. ст.е. При изборот на конзули дошло до крвави борби, бидејќи Август повторно ја одбил функцијата, па освен Гај Сентиј морало да се избере уште еден конзул. Во таа ситуација, Август, иако немал уставно право, го назначил Квинт Лукретиј (кој бил меѓу оние што биле испратени да го пречекаат Август во Кампанија). Види: Cass. Dio, *Hist. rom.*, 54.10.1-2. Проблемот е детално разработен кај C. DE JONQUIERES, „La Crise de 19 a.C. et ses conséquences," *Gerión* 22.1 (2004), pp. 273-290.

[81] Август слично бил дочекан и во 30. год. ст.е., иако се чини дека во таа прилика немало сенатска одлука. *cf.* Cass. Dio, *Hist. rom.*, 51.4.3-5.

[82] Во 13. год. ст.е.

[83] Овој пат Август бил отсутен во периодот 16.-13. год. ст.е.

[84] Споменикот Ara Pacis Augustae, изграден на северниот дел од Мартовото поле. Бил посветен на 10. јануари 9. год. ст.е. *cf.* CROOK, 1996, p. 96; PLATNER - ASHBY, 1929, *s.v.* Ara Pacis Augustae; H. KELER, *Rimsko Carstvo*, Novi Sad, 1970, 64-71. За политичката конотација на Ara Pacis: P. REHAK, „Aeneas or Numa? Rethinking the meaning of the Ara Pacis Augustae," *Art Bulletin* 2001, pp. 1-40.

[85] За портата на Јанус, што се наоѓала на северната страна од форумот: PLATNER - ASHBY, 1929, *s.v.* Ianus Geminus. Според традицијата, обичајот да се затвора портата на Јанус бил воведен од кралот Нума (*cf.* T. Liv., *Ab. urbe cond.*, I.19.1-3; M. Varro, *De ling. lat.*, V.164-165.). Едно од можните објаснувања за потеклото на овој обичај даваат M. P. O. MORFORD - R. J. LENARDON, *Classical Mythology*, New York - Oxford, 2003, pp.624-625.

[86] Портата прво била затворена во времето на Нума, а по вторпат во 235. ст.е. Во времето на Август, најпрво била затворена во 29. ст.е., по војната со Антониј, а потоа и во 25. год. ст.е., по Кантабриската војна. Не се знае кога била затворена по третпат. Сепак, како што вели Дион: „Навистина, Треверите, кои беа повикани од Келтите, сè уште беа под оружје; а исто така и Кантабрите и Вакаите и Астурците; овие три беа покорени од Статилиј Таур, а оние првине од Нониј Гал; а имаше и многу други немири. Но, бидејќи

14. Моите синови, Гај Каесар и Лукиј Каесар,[87] кои судбината ми ги одзеде кога уште беа млади,[88] (**трета табла**) кога наполнија петнаесет години, во моја чест, Сенатот и римскиот народ ги избраа за идни консули, со право да ја извршуваат функцијата по пет години. Сенатот одлучи, од оној ден на кој беа воведени на форумот, да присуствуваат на државните расправи. Исто така, сите римски еквити ги прогласија за првенци на младината и на обајцата им подарија сребрен штит и сребрено копје.[89]

15. Од завештанието на мојот татко, на секој римски плебеец му дадов по 300 сестертии;[90] во свое име пак, кога бев консул по петти пат,[91] им дадов по 400 сестертии од воениот плен; и повторно, кога бев консул по десетти пат,[92] од личниот имот, на секој човек му дадов по 400 сестертии; а како консул по единаесетти пат,[93] со сопствени средства купив жито и поделив по дванаесет порции секому; и кога по дванаесети пат ги имав трибунските овластувања,[94] по трет пат дадов по 400 сестерции секому. Овие мои дарувања, секогаш беа разделувани на не помалку од 250.000 луѓе. Во годината кога по осумнаесети пат ги имав

ништо значајно не произлезе од овие војни, ниту тие (Римјаните) ценеа дека се во војна, ниту јас имам да забележам нешто славно за нив." (Cass. Dio, *Hist. rom.*, 51.20.5.). *cf.* Машкин, 1949, стр. 514.

[87] Гај (роден 20. ст.е.) и Лукиј (роден 17. год.ст.е.) биле синови на Агрипа и ќерката на Август, Јулија, а посвоени од Август.

[88] Гај умрел во Ликија (4. год. н.е.), од рана здобиена во Арменија; а Лукиј умрел во Масилија, во 2.год. н.е. Некои се сомневале дека Ливија била одговорна за нивната смрт (*cf.* C. Tacitus, *Ann.*, I.3.).

[89] Иако отпрво Август навидум се противел, секако дека бил задоволен од третманот што го добивале момчињата. Во годините кога тие биле претставени на форумот - deductio in forum (Гај во 5. год. ст.е., а Лукиј во 2. год. ст.е.), Август го прифатил конзулатот, со цел да ги воведе во јавниот живот во Рим. Дека Август ги планирал за наследници покажува и писмото цитирано кај A. Gellius, *Noc. Att.*, XV.7.3. Опширно за династиската политика на Август: Мирковић, 2003, стр. 39-43; Bury, 1900, pp. 45-58, со добри генеалошки прикази. Машкин, 1949, стр. 535-548. На реверсот на една монета (2.-1. год. ст.е.) се прикажани Гај и Лукиј со копје и штит; во долниот дел пишува C(aius) L(ucius) Caesares; а околу Augusti F(ilii) Cons(ules) Desig(nati) Princ(ipes) Iuvent(utis). *cf.* Hill, 1909, pp. 168-171.

[90] Во 44. год. ст.е. За завештанието на Јулиј Каесар, види: C. Suet., *Caes.*, 83. Во републиканскиот период, сестертиј бил сребрена монета, со вредност од 2,5 аса, т.е. 1/4 денариј. По монетарната реформа на Август, сестертиј веќе не е сребрена, туку монета изработена од orichalcum (што Римјаните го нарекувале „златна бронза"), тежок 27.25 грама, и со вредност од 4 аса. За монетарната реформа на Август, види: E. A. Sydenham, *Roman monetary system*, pts. 1-2, London, 1919., pt.1, pp. 28-32; pt.2, 34-35.

[91] Во 29. год. ст.е. Донацијата била во чест на тројниот триумф на Октавијан.

[92] Во 24. год. ст.е. по враќањето од Хиспанија.

[93] Во 23. год. ст.е. Види бел. 30.

[94] Август ги добил трибунските овластувања по 12 пат во 11. год. ст.е., а донацијата била по повод изборот за pontifex maximus.

трибунските овластувања и бев конзул по дванаесетти пат,[95] разделив по 60 денарии на секого од градскиот плебс. Кога бев конзул по петти пат, на секој колонист кој беше од моите војници, му дадов по 1,000 сестерции од воениот плен; и овој подарок, разделен во чест на триумфот, го примија приближно 120,000 луѓе во колониите. Кога бев конзул по тринаесетти пат,[96] на оние плебејци кои добиваа државно жито, чиј број беше нешто повеќе од 200.000, им дадов по 60 денарии.[97]

16. Кога бев конзул по четврти пат и подоцна, во времето на конзулите Марк Крас и Гнај Лентул Авгур,[98] на оние муникипии, чие земјиште го одредив за војниците, им исплатив надоместок. Сумата што ја потрошив за земјиштето во Италија, беше приближно 600.000.000. сестертии, а за земјиштето во провинциите приближно 260.000.000. сестертии. Според помнењето на моите современици, јас сум првиот и единствениот од сите оние што основале колонии во Италија или во провинциите, кој го сторил ова.[99] Подоцна, во годините кога конзули беа Тибериј Нерон и Гнај Писон, Гај Антистиј и Деким Лаелиј, Гај Калвисиј и Лукиј Пасиен, Лукиј Лентул и Марк Месала, Лукиј Канциниј и Квинт Фабрикиј,[100] на војниците кои по завршувањето на воената служба ги одведов во родните муникипии, им исплатив парични награди,[101] а за оваа работа потрошив приближно 400,000,000 сестертии.

---

[95] Во 5. год. ст.е. по повод претставувањето на Гај на форумот.

[96] Во 2. год. ст.е. по повод претставувањето на Лукиј на форумот.

[97] Денариј бил сребрена монета, со вредност од 10 аса. До 217. год. ст.е., еден денариј тежел 4.55 грама, а потоа 3.90 грама. Дури и откако во текот на II Пунска војна 1 денариј вредел 16 аса, за платите на војниците се заджал стариот соднос. Денаријот кован во времето на Август е најдобриот од времето на принкипатот, со 0.99 чисто злато.

[98] Во 30. год. ст.е. и во 14. год. ст.е.

[99] Август, сосема очекувано, ваквата постапка се обидува да ја прикаже како негов личен акт на добра волја и грижа за граѓаните. Меѓутоа, мора да се истакне дека тој всушност не ни имал избор. Имено, конфискацијата што тој ја спровел по битката кај Филипи, предизвикала големо незадоволство меѓу населението и дури довела до Перусиската војна (41.-40. год. ст.е.). При донесувањето на одлуката во 30. год. ст.е. Август секако добро ги помнел настаните од 41.-40. год. ст.е. Згора на тоа, за време на војната со Антониј, речиси цела Италија застанала на страната на Август, па конфискацијата на италското земјиште секако би била голема политичка грешка. Всушност, повторно дошло до конфискација на земјиштето на приврзаниците на Антониј, но се покажало дека тоа било премалку. Затоа, Октавијан имал само едно решение - да го откупи земјиштето. Ваквата постапка можел да ја спроведе благодарение на богатството што го запленил во Египет. Неговите ветерани биле населени во Италија (главно во Етрурија и Кампанија), а ветераните на Антониј биле преселени во Галија. Подоцна Август се гордеел на „неговите" 28 колонии (*cf. R.g.d.A.* 28; C. Suet., *Aug.*, 46).

[100] Во 7. год. ст.е.; 6. год. ст.е.; 4. год. ст.е.; 3. год. ст.е. и во 2. год. ст.е.

[101] Важно е да се истакне дека во овој период наградите што ги добиле војниците, биле платени лично од Август, со што, како што заклучува Сајм, сè уште се одразувал

17. Државната благајна четирипати ја помогнав со сопствени пари,[102] така што на оние кои беа задолжени за благајната[103] им префрлив 150,000,000 сестертии. Подоцна, во времето на конзулите Марк Лепид и Лукиј Арунтиј,[104] од мојот личен имот[105] префрлив 170.000.000. сестертии во воената благајна, што беше основана по мој совет,[106] за од неа да се наградуваат војниците кои отслужиле дваесет или повеќе години.[107]

18. Од годината кога Гнај и Публиј Лентул беа конзули, секогаш кога приходите собрани од даноци беа недоволни,[108] од сопствениот амбар и имот дарував жито и пари, понекогаш на 100,000 луѓе, а понекогаш на многу повеќе.

(**Четврта табла**) 19. Ја изградив куријата[109] придодадавајќи ѝ го халкидикумот[110] и храмот на Аполон на Палатиј заедно со портиците,[111]

---

„карактерот на лична војска" како што е карактеристично за времето на граѓанските војни.

[102] Наспроти старата републиканска државна благајна - aerarium Saturni, што продолжила да постои и понатаму, била формирана и нова - благајната на принкепсот, наречена fiscus. Освен овие две, постоела и личната благајна на принкепсот - наречена patrimonium, каде се слевале средствата што принкепсот ги стекнал како приватно лице. Не е сосема јасно каков бил односот, т.е. ингеренциите на овие благајни, односно што сè припаѓало на аерариумот, што на фискот, а што на патримониумот; дали фискот бил установен од Август или Клавдиј; или пак фиск и патримониум се синоними. *cf.* D. W. RATHBONE, „The imperial finances," in *CAH* X 1996, pp. 319-322. Меѓутоа, de facto сите три благајни биле контролирани од принкепсот.

[103] Во републиканскиот период, за аерариумот биле задолжени квесторите, а од 23. ст.е. се бирале двајца претори (praetores aerarii).

[104] Во 6. год. н.е.

[105] Од патримониумот.

[106] Воената благајна (aerarium militare) била установена во 6. год. н.е. Не е јасно дали од оваа благајна биле покривани и трошоците за активната војска, или пак единствено наградите за ислужените војници. 170.000.000. сестертии што Август ги префрлил во 6. год. н.е., се всушност почетниот капитал на благајната. Приходите на благајната биле 5% од данокот за наследство и 1% од данок за продажба.

[107] Во 5. год. н.е. воениот рок на војниците бил продолжен на 20 години, а на преторијанската гарда на 16 години. Војниците кои останувале во воена служба и по истекот на законскиот рок имале посебни привилегии и формирале посебни единици (vexilla veteranorum).

[108] Во 18 год. ст.е. Односно кога приходите од аерариумот биле недоволни.

[109] Станува збор за новата Curia Iulia, чие градење било започнато од Јулиј Каесар во 44. год. ст.е., а завршено во 29. год. ст.е. Опширно кај PLATNER - ASHBY, 1929, *s.v.* Curia Iulia. Во најстариот период римскиот народ се делел на 30 курии, а местото каде се собирал народот се нарекувал курија. Подоцна, овој поим ги опфаќал повеќето места каде Римјаните заседавале (вклучувајќи ги и местата каде заседавал Сенатот).

[110] Познат и како *τὸ Ἀθήναιον*. Од текстот е јасно дека станува збор за додаток на Cur. Iul., но за халкидикум како тип на градба малку се знае. Можно е римскиот халкидикум да е градбата што подоцна се нарекува Atrium Minervae (види PLATNER - ASHBY, 1929, *s.v.* Chalcidicum). За халкидикумот како тип на градба: SMITH, 1870, *s.v.* chalcidicum.

храмот на божествениот Јулиј,[112] Луперкалот,[113] портикот кај киркот на Фламиниј, и дозволив да се нарече (портик) на Октавиј,[114] според името на оној кој го изградил претходниот портик; го изградив пулвинарот кај најголемиот кирк,[115] храмовите на Јупитер Пленоносец[116] и Јупитер Громовник,[117] храмот на Квирин,[118] храмовите на Минерва[119] и Јунона Владетелката[120] и на Јупитер Ослободителот[121] на Авентин, храмот на

[111] „Исто така, (Август) вети дека ќе изгради храм на Аполон, со придружни портици; а за изградбата воопшто не штедеше." (V. Paterc., *Hist. Rom.*, II.81.3.). Храмот на Аполон бил завршен во 28. год. ст.е. и заедно со портиците бил дел од „Палатијскиот комплекс." Види: C. K. QUENEMOEN, „The Portico of the Danaids: A New Reconstruction," *AJA* 110.2. (2006), pp. 229-250, каде има и добар план на целиот комплекс.

[112] Храмот бил изграден на источниот крај на форумот, каде било спалено телото на Јулиј Каесар. Тука најпрво имало олтар и мермерен столб на кој било испишано „На таткото на татковината" но потоа тие биле отстранети од Долабела. Одлуката за изградба на храмот била донесена од триумвирите уште во 42. ст.е., но храмот го изградил Август и бил посветен на 18. август 29. год. ст.е.

[113] Станува збор за пештерата на југо-западниот дел од Палатиј, каде што според традицијата волчицата ги доела Ромул и Рем. Не е сосем јасно каков градежен зафат презел Август (*cf.* PLATNER - ASHBY, 1929, *s.v.* Lupercal).

[114] „Во тоа време беа изградени портикот на Скипион Насика, веќе споменатиот портик на Метел и портикот на Гнај Октавиј кај киркот, што беше најубав." (V. Paterc., *Hist. Rom.*, II.1.2.). Портикот бил изграден во чест на победата на Октавиј над флотата на Персеј (168. год. ст.е.). Бил нарекуван и porticus Corinthia, според бронзените капители. Октавијан го возобновил во 33. год. ст.е. Опширно кај PLATNER - ASHBY, 1929, *s.v.* Porticus Octavia.

[115] Пулвинарот бил ложа на палатијската страна од киркот, од каде семејството на принкепсот ги следело натпреварите. Значителен дел од киркот изгорел во 31. год. ст.е. (Cass. Dio, *Hist. rom.*, 50.10.3.), па малку е чудно што Август не ја споменува реставрацијата. Касиодор пак, вели дека сјајот на Киркот се должи на активностите на Август (Cass., *Variae*, III.51.4.). Опширно кај PLATNER - ASHBY, 1929, *s.v.* Circus Maximus.

[116] Според традицијата, најстариот храм, изграден уште од Ромул. Заповедниците тука го положувале пленот што го стекнале во директните дуели со непријателите. Не е сосем јасно дали Август изградил нов храм на истото место или го возобновил стариот. Според Непот, Август се нафатил да го возобнови храмот поттикнат од Атик (Cor. Nep., *Att.*, 20.3.). Опширно кај PLATNER - ASHBY, 1929, *s.v.* Iuppiter Feretrius.

[117] Храм на Палатиј, посветен во 22. год. ст.е. од Август, како благодарност што се спасил од удар на гром во 26. год. ст.е., во текот на Кантабриската војна. *cf.* PLATNER - ASHBY, 1929, *s.v.* Iuppiter Tonans.

[118] Храм што се наоѓал на Квиринал. Во 49. год ст.е. речиси бил уништен од молња, а поправките започнати од Јулиј Каесар, ги доврши Август во 16. год. ст.е. *cf.* PLATNER - ASHBY, 1929, *s.v.* Quirinus, aedes.

[119] Овој храм за прв пат се споменува во II Пунска војна, кога бил одреден за седиште на државните бележници (scribae) и на глумците (histriones). Во изворите се среќаваат два датуми за основање на храмот - 19. март и 19. јуни; првиот најверојатно се однесува на првичната изградба, а вториот на обновата во времето на Август. *cf.* PLATNER - ASHBY, 1929, *s.v.* Minerva, Aedes.

[120] Во 396. год. ст.е., римскиот војсководач Камил, за да ја привлече Iuno Regina - заштитничката на градот Веи, ѝ ветил храм. Изградбата била завршена во 392. год. ст.е. и

Ларите[122] на почетокот на Светата улица,[123] храмот на Пенатите на Велиј,[124] храмот на Младоста,[125] како и храмот на Големата мајка на Палатиј.[126]

20. Го поправив Капитолиј[127] и театарот на Помпеј[128] - зафати кои чинеа многу - без ниту еден натпис со моето име. Аквадуктите што на многу места пропуштаа поради старост, ги поправив;[129] а аквадуктот наречен Маркиев, го удвоив, надоврзувајќи му нов поток.[130] Го завршив

---

тука била сместена дрвената статуа на Јунона, што Камил ја пренел од Веи. *cf.* PLATNER - ASHBY, 1929, *s.v.* Iuno Regina, Templum.

[121] Денешната црква S. Sabina. Не е јасно дали овој храм е ист со храмот на Слободата што го изградил Тибериј Семпрониј (конзул во 238. год. ст.е.), што исто така се наоѓал на Авентин. *cf.* PLATNER - ASHBY, 1929, *s.v.* Iuppiter Libertas, aedes.

[122] Храмот се наоѓал на почетокот на via sacra, близу до триумфалната порта на Тит. Август го возобновил храмот, и бил осветен на 27. јуни. Опширно кај PLATNER - ASHBY, 1929, *s.v.* Lares, Aedes.

[123] Најстарата и најпозната улица во Рим. Улицата започнувала од врвот на Каелиј и се протегала до источниот крај на форумот. Опширно кај PLATNER - ASHBY, 1929, *s.v.* Sacra Via.

[124] Храмот се наоѓал на местото каде порано бил домот на Тул Хостилиј, во близина на форумот. Таму биле поставени старите статуи на Диоскурите, кои што биле претставени како Dei Penates. Опширно кај PLATNER - ASHBY, 1929, *s.v.* Penates Dei, Aedes. Дел од ѕидот што бил изграденод Август, сè уште постои (види P. B. WHITEHEAD, „The Church of SS. Cosma e Damiano in Rome," *AJA* 31.1. (1927), pp. 1-18.).

[125] Изградбата на храмот ја започнал Марк Ливиј Салинатор во 204. год. ст.е., во чест на победата кај Метаур. Храмот изгорел во 16. год. ст.е. и потоа бил обновен од Август. Најверојатно се наоѓал на Авентин, на западниот крај од Circ. Max. *cf.* PLATNER - ASHBY, 1929, *s.v.* Iuventas, Aedes.

[126] Во 205. год. ст.е. Сенатот објавил дека Ханибал ќе замине од Италија ако црниот камен (што ја симболизирал Magna Mater) биде префрлен од Мала Азија во Рим. Каменот бил сместен во овој храм, што бил посветен на 11. април 191. год. ст.е. Храмот изгорел во 3. год. н.е., кога и бил обновен од Август. Види: PLATNER - ASHBY, 1929, *s.v.* Magna Mater, aedes.

[127] т.е. храмот на Iuppiter Optimus Maximus Capitolinus. Август веројатно го обновил околу 26. год. ст.е. Опширно кај PLATNER - ASHBY, 1929, *s.v.* Iuppiter Optimus Maximus Capitolinus, aedes.

[128] Театарот на Помпеј бил првиот постојан театар во Рим, изграден од камен. Гнај Помпеј го изградил во 55. год. ст.е., според планот на театарот во Митилена. Октавијан го обновил во 32. год. ст.е. Статуата на Помпеј, пред која Јулиј Каесар бил убиен, од куријата на Помпеј, Октавијан ја префрлил во театарот. Опширно кај PLATNER - ASHBY, 1929, *s.v.* Theatrum Pompei.

[129] Август поправките ги направил на сопствен трошок (*cf.* Front., *De Aquis*, 125.1). Меѓутоа, треба да се истакне дека најважните зафати поврзани со снабдувањето на Рим со вода, биле направени од Агрипа, кој ги обновил четирите постоечки аквадукти и изградил уште два. Види: G. MOTTERSHEAD, *The Constructions of Marcus Agrippa in the West*, Melbourne, 2005, pp. 2-3; WELLS, 1992, p.82.

[130] Аквадуктот бил изграден во 144.-140. год. ст.е. од Квинт Маркиј. Најпрво бил поправен од Агрипа во 33. год. ст.е., а подоцна и од Август, во 11. и 4. год. ст.е. Потокот што Август го надоврзал се нарекувал aqua Augusta.

форумот на Јулиј[131] и басиликата[132] што се наоѓаше меѓу храмот на Кастор[133] и храмот на Сатурн[134] - зданија започнати и речиси завршени од мојот татко; а кога истата таа басилика изгоре во пожар, во име на моите синови започнав да ја градам на поголема површина, а доколку не дочекам да биде завршена, наредив тоа да биде сторено од моите наследници.[135] Кога бев консул по шестти пат,[136] во согласност со одлуката на сенатот, поправив 82 храмови на боговите[137] и при тоа не занемарив ниту еден на кој што во тоа време му требаше поправка. Во времето на моето седмо консулство,[138] го поправив Фламиниевиот пат[139] -

[131] Планот за изградба на форумот бил изготвен уште во 54. год. ст.е. Иако сè уште не бил завршен, Јулиј Каесар го посветил на 26. септември 46. год. ст.е., а бил довршен од Август. Форумот бил долг приближно 115 метри, а широк 30 метри и во средината бил изграден храм на Venus Genetrix. Иако официјалното име било forum Iulium, во изворите најчесто се среќава како forum Caesaris. *cf.* PLATNER - ASHBY, 1929, *s.v.* Forum Iulium.

[132] Басиликата на Јулиј, била започната во 54. год. ст.е., а иако не била завршена, исто така била посветена во 46. год. ст.е. Се наоѓала на јужниот крај на форумот на Јулиј и била омеѓена од via Sacra, vicus Iugarius и vicus Tuscus.

[133] Храм посветен на Диоскурите, што се наоѓал на југо-источниот крај од форумот. Храмот бил изграден во чест на Кастор и Полукс, кои, според легендата, се појавиле на местото каде се биела битката меѓу Латините и Римјаните, во близина на Регилското езеро. Храмот бил завршен во 484 год. ст.е. и осветен на 17. јануари. Официјалното име на храмот било aedes Castoris, но се среќава и името aedes Castoris et Pollucis. Храмот бил целосно возобновен од Тибериј во 6. год. н.е. и бил посветен во името на Тибериј и Друс (братот на Тибериј). Опширно кај Опширно кај PLATNER - ASHBY, 1929, *s.v.* Castor, aedes, templum.

[134] Најстариот римски храм, на меѓата меѓу Капитолиј и форумот. Најверојатно е изграден во најраниот период на Републиката. Опширно кај PLATNER - ASHBY, 1929, *s.v.* Saturnus aedes.

[135] Не е јасно дали новата басилика била завршена кога Август, во 12. год. н.е. ја осветил. Новото име - basilica Gai et Luci - не било многу прифатено, а басиликата и понатаму се среќава во изворите како basilica Iulia. Новата басилика што ја изградил Август, била долга 101 метар, а широка 49 метри.

[136] Во 28. год. ст.е.

[137] Бројката секако е претерана.

[138] Во 27. год. ст.е.

[139] Август го поплочил патот до Аримин, но наредил да бидат поправени и други патишта (*cf.* C. Suet., *Aug.*, 30.1. На портата на Август - југо-западно од Аримин, на крајот на via Flaminia - зачуван е натпис (од 27. год. ст.е.) за завршување на поправките: „Сенатот и римскиот народ, на Император Каесар Август, син на божествениот, седум пати император, седум пати консул, назначен за осми консулат, бидејќи на своја рака и со сопствени средства го поплочи Фламиниевиот пат и останатите најкористени патишта." (*ILS* 84 = *EJ*² 286 ). Сличен натпис среќаваме и на реверсот на еден сребрен денариј: „Сенатот и римскиот народ, на Император Каесар, бидејќи патиштата се поплочени со средствата што тој ги префрли во државната благајна (aerarium). *cf.* HILL, 1909, pp. 150-153.

од Градот до Аримин и сите мостови[140] освен Мулвискиот мост[141] и Минукијскиот мост.[142]

21. Со средствата стекнати од пленовите, на приватно земјиште го изградив храмот на Март Одмазникот и форумот на Август.[143] На земјиштето што главно беше откупено од приватни лица, го изградив театарот што е близу до храмот на Аполон и го носи името на Марк Маркел - мојот зет.[144] Од пленовите, посветив дарови на Капитолиј, во храмот на божествениот Јулиј, во храмот на Аполон, на Веста и во храмот на Март Одмазникот, што ме чинеше приближно 100.000.000. сестертии. Кога бев конзул по петти пат,[145] коронарното злато,[146] во тежина од 35.000 фунти, што од муникипиите и италските колонии беше приложено во чест на моите триумфи, го вратив; и подоцна, не го прифаќав

[140] Добро зачуван е мостот кај Аримин (Ponte d' Augusto), чија изградба ја започнал Август, а бил завршен од Тибериј во 21. год. н.е. На обата краја се сочувани натписите: „Император Каесар Август, син на божествениот, врховен свештеник, тринаесет пати конзул, дваесет пати император, со трибунски овластувања по 37 пат, татко на татковината;" и „Го направи Тибериј Каесар Август, син на божествениот Август, внук на божествениот Јулиј, врховен свештеник, четири пати конзул, осум пати император, со трибунски овластувања 22 пати." (*ILS* 113).

[141] Сега Ponte Molle.

[142] Грчкиот текст гласи: Ш'Υ]πα[τος ἕ]βδ[ο]μον ὁδὸν Φ[λαμινίαν ἀπὸ] Ῥώμης [Ἀρίμινον] γ[εφ]ύρας τε τὰς ἐν αὐτῆι πάσας ἔξω δυεῖν τῶν μὴ 9 ἐπ[ι]δεομένων ἐπισκευῆς ἐπόησα. „Кога бев конзул по седми пат, го поправив Фламиниевиот пат од Рим до Аримин и сите мостови, освен оние два на кои не им беше потребна поправка."

[143] Форумот на Август се протегал на северо-исток од форумот на Јулиј. Бил долг 125 метри, а широк 90 метри. На форумот биле поставени статуи на сите римски војсководци кои се здобиле со курулски триумф. Во средината на форумот се наоѓал храмот на Март Одмазникот, што Октавијан му го ветил на богот пред битката кај Филипи. Во овој храм Сенатот дискутирал за прашањата за војна и мир, а заповедниците ги давале своите завети пред да одат во војна, а исто така и ги одложувале триумфалните одличја (*cf.* C. Suet., *Aug.*, 29.2.). Во храмот биле поставени статуите на Март, на Венера Прамајката и на божествениот Јулиј. Опширно кај Platner - Ashby, 1929, *s.v.* Forum Augustum.

[144] Проектот за овој театар го започнал Јулиј Каесар, и за таа цел биле преместени храмот на Побожноста, како и другите објекти. Театарот бил завршен во времето на Август и посветен на Маркел кој умрел во 23. год. ст.е. Тетарот бил посветен во 13. год. ст.е. или пак во 11. год. ст.е. Меѓутоа поголемиот дел од работите биле завршени порано, па дел од прославата на Саекуларните игри (17. год. ст.е.) се одвивал таму (*CIL* VI.32323.157 „театарот што се наоѓа кај киркот на Фламиниј).

[145] Во 29. год. ст.е. по повод тројниот триумф на Октавијан.

[146] Во републиканскиот период, војсководецот кој извојувал победа, од градовите во неговата и соседните провинции бил наградуван со златни венци, што потоа биле носени за време на неговиот триумф во Рим. Подоцна, наместо венци градовите почнале да даваат пари и оваа парична донација се нарекувала aurum coronarium. Иако во времето на Август овој обичај бил запоставен, подоцна бил обновен и тоа не само во случај на триумф, туку во најразлични свечени пригоди, па во IV век бил дел од даноците.

коронарното злато што секогаш кога бев извикуван за император, муникипиите и колониите продолжија да го изгласуваат, со еднаква благонаклоност како и порано.

22. Приредив три гладијаторски натпревари во мое име, а пет во името на моите синови или внуци; а на овие натпревари се бореа приближно 10.000 луѓе. Двапати во мое име, а третиот пат во името на мојот внук, приредив натпревари со атлетичари собрани од сите страни. Четири пати приредив игри во мое име, а 23 пати во името на некој друг магистрат.[147] Во времето на консулите Гај Фурниј и Гај Силан,[148] како претседавач на колегиумот на петнасеттемина мажи, заедно со колегата Марк Агрипа, ги прославив Саекуларните игри.[149] Кога бев консул по тринаесетти пат,[150] прв приредив игри во чест на Март,[151] кои што оттогаш, според сенатска одлука и закон, секоја година ги приредуваа конзулите.[152] Во мое име, или пак во името на моите синови или внуци, на народот му приредив лов на африкански ѕверови - или во киркот, или на форумот или во амфитеатрите - при што беа убиени приближно 3.500 ѕверови.

23. Му приредив на народот поморска битка,[153] од другата страна на Тибер, на местото каде сега се наоѓа лагот на Каесарите;[154] и во таа прилика во земјата беше ископана дупка долга 1.800 стапки и широка

---

[147] *cf.* C. Suet., *Aug.*, 43.

[148] Во 17. год. ст.е.

[149] Саекуларните игри што биле прославени во времето на Август, всушност се надоврзувале на Ludi Tarentini, прослави што воопшто не биле поврзани со saeculum (т.е. циклус од 110 лунарни години, преземен од Етрурците) и биле посветени на Dis и Proserpina. Август, како претседавач на колегиумот на петнасеттемина мажи, објавил дека волјата на боговите е да се прославaт Саекуларните игри; и со најразлични (погрешни) пресметки, утврдил дека Саекуларните игри се одржувале на секои сто години (а во суштина Тарентинските игри, што пак немале точно определен циклус кога требало да се слават). Игрите биле прославени пролетта во 17. год. ст.е. и во таа прилика било побарано од Хоратиј да напише песна во чест на прославата (carmen saeculare), која што е зачувана. Интересен преглед за Тарентинските и Саекуларните игри кај R. LANCIANI, *Pagan and Christian Rome,* Boston and New York, 1892, pp. 73-82. За текот на прославата види *CIL* VI.32323. За монетите емитирани по повод Саекуларните игри, види HILL, 1909, pp. 148-150.

[150] Во 2. год. ст.е.

[151] Овие игри (Ludi Martiales) биле прославени при осветувањето на храмот на Март Одмазникот.

[152] ἅς μετ' ἐκεῖνο[ν] [χ]ρόνον ἑξῆς [τοῖς μ]ετέπειτα ἐνιαυτοῖς δ[όγματι συνκλήτου σὺν ἐ]μοὶ ἐπόησαν οἱ ὕπα[τοι]. „што од тоа време, според одлуката на Сенатот секоја година ги приредуваа консулите заедно со мене."

[153] Во 2. год. ст.е. како дел од прославата при осветувањето на храмот на Март Одмазникот.

[154] Лагот на Каесарите бил посветен на Гај Каесар и Лукиј Каесар.

1.200 стапки.[155] Во оваа битка учествуваа 30 клунести триреми и биреми и повеќе мали кораби, на кои што се бореа приближно 3.000 луѓе, не сметајќи ги веслачите.[156]

24. Откако победив,[157] ги вратив орнаментите од храмовите во сите градови во провинцијата Азија, што оној против кого војував, ги зграби за себе.[158] Во градот ми беа поставени приближно 80 сребрени статуи, (на кои бев прикажан) како пешак, коњаник или во двоколка, но јас ги отстранив; а од богатството стекнато од нив, во мое име и во името на оние кои ме почестија со статуите, дадов златни подароци во храмот на Аполон.[159]

(**Петта табла**) 25. Морето го ослободив од гусарите.[160] Во оваа војна, од робовите кои побегнаа од своите господари и кренаа оружје против Републиката, приближно 30.000 беа заробени и јас им ги предадов на господарите за да ги казнат.[161] Цела Италија своеволно ми се заколна на верност и побара да бидам водач во војната[162] во која победив кај

[155] Односно 536 метри во должина и 352 метри во ширина. Потребното количество вода било донесено преку Aqua Alsietina. Езерото веројатно било во близина на денешната црква S. Cosimato. *cf.* PLATNER - ASHBY, 1929, *s.v.* Naumachia Augusti; Aqua Alsietina.

[156] *cf.* Cass. Dio, *Hist. rom.*, 55.10.7-8.

[157] По битката кај Актиј, во 31. год. ст.е.

[158] т.е. Марк Антониј, кој ги ограбил храмовите во провинцијата Азија.

[159] Според Светониј, Август со парите добиени од топењето на статуите, наредил да се изработат два златни троношци што биле посветени во храмот на Аполон Палатиски. (*cf.* C. Suet., *Aug.*, 52.1.).

[160] Односно од Секст Помпеј, кој подолго време бил сериозна закана за Италија. Искористувајќи ги постојаните недоразбирања и судири меѓу триумвирите, Секст успеал да ја зацврсти својата власт на Сикилија, а за време на брундисијската криза ги освоил Корзика и Сардинија и ги пустошел бреговите на Галија и Африка и ја блокирал Италија (40. год. ст.е.). Притиснати од немирите во Италија што се изродиле како последица од блокадата на Италија, триумвирите биле принудени да се спогодат со Секст (Мисенски договор, август 39. год. ст.е.) - власта над Сикилија, Корзика и Сардинија на Помпеј била озаконета, а требало да му се придодаде и Пелопонес, а бил назначен и за консул за 33. год. ст.е. Војната меѓу Октавијан и Секст Помпеј започнала во 38. год. ст.е. и завршила дури во 36. год. ст.е., со победата на Агрипа кај Навлох. Опширно кај PELLING, 1996, pp. 17-21, 24-36.

[161] Војската на Секст Помпеј во голем дел била составена од пребегнати робови (*cf.* V. Paterc., *Hist. Rom.*, II.73.3.).

[162] Како што вели Сајм, „кога еден официјален документ ја истакнува благонаклоноста на еден народ кој е под деспотска власт, потребна е одредена доза на сомнеж" (SYME, 1939, p.284). Сепак, мислам дека во конкретниов случај нема потреба многу да се сомневаме во тврдењето на Август. Тој мирно управувал со западните провинции уште од 36. год. ст.е. и „сè повеќе се наметнувал како најголема надеж за долготраен мир и стабилност" (WELLS, 1992, p.15); извонредната пропаганда на Октавијан исто така сериозно го разнишала угледот на Антониј и сосем е можно на запад да се гледало на него, како на некој кој ќе ја уништи неприкосновената положба на Италија, па војната во одредена смисла добила општоиталски карактер; грешките и

Актиј.[163] Истата заклетва ја положија и галските и хиспанските провинции и Африка, Сикилија и Сардинија. Меѓу оние кои во тоа време војуваа под моите знамиња, имаше повеќе од 700 сенатори;[164] а од нив 83 кои веќе биле, или пак подоцна - до времето кога ова е нашишано - станале конзули и приближно 170 кои имале свештенички функции.

26. Ги проширив териториите на сите провинции на римскиот народ, на чии граници имаше племиња кои не ја признаваа нашата власт. Галските[165] и хиспанските провинции,[166] а исто така и Германија,[167] што се простираат од Океанот кај Гадес до устието на реката Алба, ги смирив. Воспоставив мир на Алпите, од областа што е најблиску до Хадрианското море,[168] па до Тускиското море;[169] а при тоа против ниедно племе не

---

екстравагантноста на Антониј, колку и да се преувеличани, секако се во основа вистинити, и уште повеќе допринеле за опаѓањето на популарноста на Антониј. Поради сето ова, мислам дека изразот dux totae Italiae, веројатно ја отсликува реалната состојба од 31. год. ст.е.

[163] т.е. во војната со Антониј и Клеопатра. Битката кај Актиј се биела на 2. септември 31. год. ст.е. Детално кај Pelling, 1996, pp. 54-59, кој ја отфрла традиционалната верзија (што секако била под влијание на пропагандата на Август).

[164] Во тоа време имало околу 1.000 сенатори.

[165] Во Галија често се воделе воделе воени операции, а во 16. (или 17.) год. ст.е. повеќе германски племиња ја минале Рајна, ја опустошиле Галија и му нанеле тежок пораз на легатот Марк Лолиј; како последица на ова, Август се појавил во Галија и тогаш биле изградени и првите тврдини на Рајна.

[166] Операциите се воделе во северо-западна Шпанија, т.е. на териториите на Кантабрите и Астурците. Како и секогаш, хиспанските војни биле долги и тешки. Август лично ја предводел војската во 26. год. ст.е. и токму по враќањето од оваа кампања бил затворен храмот на Јанус, но војната била завршена дури во 19. год. ст.е. кога за заповедник бил поставен Агрипа. *cf.* Cass. Dio, *Hist. rom.*, 54.11.3-6. Опширно кај Gruen, 1996, pp. 163-166.

[167] Походите во Германија, пред сè биле неопходни за да се зацврсти рајнската граница и да се стабилизира власта во Галија; но постепено, овие „превентивни" походи сè повеќе добивале карактер на освојувачка војна, што требала да се заврши со формирање на нова провинција. Походите на Друс (12.-9. год. ст.е.) ги одвеле римските војски сè до реката Алба (Елба). Подоцна и неговиот брат Тибериј повторно се пробил до Елба (4.-5. год. н.е.). Меѓутоа, би било заблуда да се мисли дека и покрај сите порази, Германите веќе биле подчинети - само дел од нив се нашле под непосредната власт на Рим, а Елба попрво сè уште претставувала цел, а не граница. По големото панонско востание (6.-9. год. н.е.) и по катастрофата на Вар (септември 9. год. н.е.), освојувањето на територијата до Елба веќе никогаш не било во план. Опширно за римските акции кај Gruen, 1996, pp. 178-188; Bury, 1900, pp.124-137; Wells, 1992, pp. 72-76.

[168] Јадранско море.

[169] Лигуриско море. Освојувањето на алпските територии било неопходно заради воспоставување на подобра комуникациска линија меѓу Италија и рајнската граница. Опширно кај Gruen, 1996, pp. 169-171. Кај Tropaea Augusti (Торбија) бил изграден споменик во чест на подчинувањето на алпските племиња. Натписот го препишал Плиниј Постариот: „Сенатот и римскиот народ, во чест на Император Каесар Август, син на божествениот, врховен свештеник, 14 пати император, 17 пати со трибунски овластувања,

започнав неправедна војна.[170] Мојата флота пловеше по Океанот, од устието на Рен,[171] па на исток сè до териториите на Кимбрите - територии што до тоа време, ниту по копно ниту по море,[172] не ги посетил ниту еден Римјанин; а Кимбрите, Харидите,[173] Семноните и останатите германски народи од тие области, преку пратеници го побараа моето пријателство и пријателството со римскиот народ.[174] На моја наредба и под мој надзор, две војски, речиси истовремено, беа поведени во Ајтиопија[175] и во Арабија, што се нарекува Плодородна;[176] мноштво чети од обете непријателски племиња беа уништени во битка и многу градови беа заземени. Во Ајтиопија се навлезе сè до Набата, што е во соседство на Мерое. Во Арабија, војската навлезе во земјата на Сабајците[177] и се проби сè до градот Мариба.[178]

---

бидејќи под негово водство и со негов надзор, сите алпски племиња од надворешното до внатрешното море, беа подчинети под власта на римскиот народ...” потоа се наброени на 46 племиња. (C. Plin. Sec., *Nat. Hist.*, III.20.136-137).

[170] Но, како што заклучува Велс, Римјаните отсекогаш биле мајстори за да изнајдат „праведна” причина за војна.

[171] Рајна.

[172] Опис на експедицијата на Тибериј од 5. год. н.е. кај V. Paterc., *Hist. Rom.*, II.106.3.

[173] Во грчкиот текст пишува Халиби.

[174] Овие племиња живееле на територијата што се простирала од Шлесвиг и Јитланд до Елба и Весер.

[175] Земја во Африка, што на север се простирала до Ајгипт, на југ до „непознатата земја” (Terra Incognita), на запад до Либија, а на исток до Црвеното море.

[176] Арабија Плодородната (Arabia Felix) се нарекувала приморската територија од Арабискиот полуостров.

[177] Племе населено во Arabia Felix, во близина на Црвеното море, меѓу Касаните и Хомерите.

[178] Првата експедиција во Ајтиопија била преземена од Корнелиј Гал (до пролет 29. год. ст.е.), кој се пробил јужно од првиот катаракт на Нил, стапил во пријателски односи со кралот на Ајтиопјаните и поставил клиентски владетел во Триаконтасхоен, што требало да служи како бариера меѓу Ајтиопија и Египет. Втората експедиција била преземена од Публиј Петрониј (во 25. или 24. год. ст.е.), кој се пробил во северна Ајтиопија и ја освоил Набата - најважниот град во таа област, поставил воен гарнизон во Примис (меѓу првиот и вториот катаракт) и им наметнал данок на Ајтиопјаните. Следната година било дигнато востание, па Август, иако Римјаните повторно успеале да ја наметнат својата власт, ценел дека е мудро Ајтиопјаните да се ослободат од данок. Оттогаш односите меѓу двете држави биле пријателски. Што се однесува пак до кампањата во Arabia Felix, мора да се истакне дека таа воопшто не била толку успешна како што Август ја претставува. Најпрво флотата настрадала при транспортот на војската; во римската војска избила епидемија, а почнал да се чувствува и недостаток од вода. Опсадата на Мариба завршила неуспешно и Римјаните морале да се повлечат. Опширно кај Gruen, 1996, pp. 148-151; Bury, 1900, pp.121-123.

27. Ајгипт го подчинив под власта на римскиот народ.[179] Иако можев по убиството кралот Артаксес,[180] Голема Арменија да ја направам провинција,[181] го предпочитав примерот на нашите предци, па тоа кралство, преку Тибериј Нерон кој во тоа време ми беше посинок, му го дадов на Тигран, син на кралот Артавазд и внук на кралот Тигран.[182] Кога по некое време истото племе се разбунтува и дигна востание, преку мојот син Гај го потчинив и го препуштив да биде владеено од кралот Ариобарзан[183] - синот на Артабаз, кралот на Медите; а по неговата смрт на син му Артавазд. Кога овој беше убиен, во тоа кралство го испратив Тигран кој потекнуваше од арменската кралска куќа. Сите провинции што се простираат источно од Хадријанското море, заедно со Кирена,[184] што во голем дел тогаш беа заземени од кралеви, повторно ги освоив;[185] а

[179] По битката кај Актиј, обидот на Антониј да организира одбрана на Ајгипт пропаднал и на 1. август 30. год. ст.е. Александрија паднала. За односите меѓу Рим и Ајгипт во втората половина на I век ст.е., до 30. год. ст.е., види А. П. БЕЛИКОВ, *Рим и эллинизм. Основные проблемы политических, экономических и культурных контактов.*, Ставрополь, 2003. стр. 378-402. За организацијата на Ајгипт како провинција: BURY, 1900, pp.113-116; Д. ПИКОК, „Римски период (30. г. пре н.е. - 311. г. н.е.)," in И. Шо (ed.) *Оксфордска историја старог Египта*, Београд, 2004, стр. 607-639; A. K. BOWMAN, „Egypt," in *CAH* X, 1996, pp. 676-702.

[180] Артаксес (Артаксија II), кој бил штитеник на партскиот монарх, бил соборен и убиен во 20. год. ст.е.

[181] Ваквото тврдење, секако е само пропаганда што е далеку од реалноста. Непосредната окупација на Арменија несомнено би го втурнала Рим во војна со Партија, а тоа е нешто што Август во текот на целото владеење се трудел да избегне.

[182] Тигран бил брат на Артаксија II. Состојбите во Арменија биле такви, што Тибериј воопшто не морал да употреби воена сила и Тигран II мирно го зазел престолот. Сепак ова не му пречело на Август да го претстави настанот како победа и ново освојување, па ковал монети со легенда Armenia capta и Armenia recepta. (*cf.* HILL, 1909, pp. 145-147).

[183] Арменското прашање повторно се актуелизирало кога умрел партскиот крал Фраат IV. Неговиот наследник Фраат V (Фраатак) се вмешал во арменските прилики, па Август веднаш го испратил Гај за да го воспостави авторитетот на Рим. Гај успешно ја спровел задачата и по смртта на Тигран III, на арменскиот престол го поставил Ариобарзан. Но, Арменците се побуниле и дошло до немири во кои смртно бил ранет Гај. Понатамошниот тек на настаните не е сосема јасен и тешко е да се каже во какви околности Август ги наименувал следните арменски владетели, ниту колкаво било неговото влијание.

[184] Лакедајмонска колонија и најважен град во Киренаика, одалечен 16 km. од морето, југо-западно од пристаништето Аполонија.

[185] Односно териториите што со договорот од Брундисиј (40. год. ст.е.) му припаднале на Антониј. Меѓутоа ваквото тврдење е претерано. (1) Балканските провинции секако биле цврсто под римска контрола и Октавијан имал исто толку влијание, како и Антониј; (2) навистина значителен дел од Мала Азија бил даден на клиентски кралеви, но тоа не значи дека Антониј немал контрола над состојбите - одлуката овие територии да им ги додели на локалните владетели била во согласност со политичките и воените потреби (*cf.* B. M. LEVICK, „Greece (including Crete and Cyprus) and Asia

уште претходно повторно ги освоив Сикилија и Сардинија, што беа заземени во војната со робовите.[186]

28. Основав воени колонии во Африка,[187] Сикилија,[188] Македонија,[189] обете Хиспании,[190] Ахаја,[191] Азија,[192] Сирија,[193] Нарбонска Галија[194] и Писидија. Италија пак, има 28 колонии што јас ги основав, а уште во текот на мојот живот станаа многу славни и густо населени.[195]

29. Откако ги потчинив непријателите, од Хиспанија, Галија и Далматите, ги вратив неколкуте воени ознаки, што други заповедници ги беа изгубиле.[196] Ги принудив Партите да ми го вратат пленот и ознаките од римските војски и како молители да бараат пријателство со римскиот

Minor from 43. B.C. to A.D. 69," in *CAH* X, 1996, pp.646-647). Во случајот пак со териториите што ги добила Клеопатра, навистина е тешко да се брани одлуката на Антониј.

[186] т.е. во војната со Секст Помпеј.

[187] Иако е тешко да се каже точно кои колонии биле основани од Јулиј Каесар, кои од Август, а кои непосредно по неговата смрт, генерално се прифаќа дека дваjцата заедно основале 26-28 колонии во Африка (*cf.* C. R. WHITTAKER, „Roman Africa: Augustus to Vespasian," in *CAH* X, 1996, pp. 603-605).

[188] На Сикилија биле основани 6 колонии населени со ветерани: Сиракуса, Катина (Катанија), Тавромениј (Таормина), Тиндарида, Thermae Himeraeae и Панорм (Палермо).

[189] Во времето на Август, во провинцијата Македонија имало пет колонии - Дион, Филипи, Пела, Касандреја и Дирахиј. Колониите Касандреја и Дион биле основани од Брут, а Филипи од Марк Антониј. По битката кај Актиј, тука биле преселени Италците што ја загубиле земјата на сметка на ветераните на Август и добиле ius Italicum. Опширно кај С. ФЕРЈАНЧИЋ, *Насељавање легијских ветерана у балканским провинцијама* (I–III век н.е.), Београд, 2002, стр. 18, 91-95; Ф. ПАПАЗОГЛУ, *Македонски градови у римско доба*, Скопје, 1957, стр. 101-103, 112-113, 298-302, 304-305; J. J. WILKES, „The Danubian and Balkan provinces," in *CAH* X, 1996, pp. 545-585.

[190] Август во Хиспанија со сигурност ги основал: Астиги, Туки, (можеби и Итуки и Укуби), а Кордуба и Асидо добиле статус на колонии - сите во Баетика; во Луситанија, со сигурност ја основал Emerita Augusta, додека останатите четири можеби се од времето на Јулиј Каесар; во Хиспанија Китериор од Август се основани Баркино, Каесаравгуста, Илики, Либисоса и Салариа (*cf.* G. ALFÖLDY, „Spain," in *CAH* X, 1996, pp. 455-458.

[191] Во Ахаја е основана само колонијата Патра (*cf.* С. ФЕРЈАНЧИЋ, 2002, стр. 100-102).

[192] Александрија во Троада.

[193] Берит (можеби основан уште од Антониј), (пре)основан во 15.-14. год. ст.е. и Хелиопол-Баалбек (иако е дискутабилно дали воопшто оваа колонија е основана во времето на Август).

[194] Во Нарбонска Галија биле населени ветерани и тоа во Бетара (VII легија); Араусио (II легија), Forum Iulii (VIII легија). Види C. GOUDINEAU, „Gaul," in *CAH* X, 1996, pp. 474-477.

[195] Види *R.g.d.A.* 16. белешки 21 и 97.

[196] Од Далматите ознаките што ги загубиле Габиниј во 48. год. ст.е. и Ватиниј во 44. год. ст.е. Од Галија можеби ознаките што ги загубил Лолиј? Од Хиспанија ознаките што биле загубени во времето на војните со синовите на Помпеј Велики.

народ.[197] Овие ознаки ги положив во светилиштето, што е во внатрешноста на Март Одмазникот.[198]

30. Панонските племиња, до кои римската војска, пред јас да станам принкепс на римскиот народ, никогаш не се пробила - поразени од Тибериј Нерон кој во тоа време ми беше посинок и мој легат - ги подчинив под власта на римскиот народ, а границите на Илирик ги проширив до бреговите на реката Данувиј.[199] Кога војската на Дакијците ја прегази оваа страна, благодарение на моите совети беше поразена и истерана; а потоа мојата војска беше поведена преку Данувиј[200] и ги принуди дакиските племиња да се подчинат на власта на римскиот народ.[201]

31. Кај мене често беа испраќани пратеништва од кралевите на Индија, кои дотогаш не беа видени кај ниту еден римски заповедник.[202]

---

[197] „Додека на запад се воспоставуваше мир, на истокот, партскиот крал му ги врати на Август римските ознаки, што ги запленијаОрод - кога го разби Крас, и неговиот син Фраат - кога го отфрли Антониј." (V. Paterc., *Hist. Rom.*, II.91.1). Ова се случило во 20. год. ст.е., кога Август бил во источните провинции. Сосем очекувано, Август овој настан го претставил во Рим како голема победа со што срамот од катастрофата кај Кара и неуспесите на Антониј конечно бил избришан (за монетите емитирани по повод враќањето на воените ознаки, види Hill, 1909, pp. 138-143). Ова секако бил голем успех на Август, но мора да се истакне дека станува збор за дипломатски, а не за воен успех (војна не се ни водела). Неколку години пред враќањето на ознаките, Август му го вратил синот на Фраат IV, што секако влијаело на односот на партскиот крал кон Рим. Исто така, претендентот за партскиот престол - Тиридат, кој престојувал во Рим, по 20. год. ст.е. веќе не се споменува (што упатува на заклучок дека можеби и тој бил дел договорот). Освен дипломатските средства, Август применил и воен притисок - токму во 20. год. ст.е. во Арменија бил поставен римски штитеник, а и присуството на принкепсот лично со значителни воени сили, секако влијаело на одлуката на Фраат IV.

[198] Кога биле вратени ознаките, храмот на Март Одмазникот не бил завршен, па привремено тие биле сместени на Капитолиј.

[199] Со панонските племиња Август војувал уште во текот на илирската кампања 35.-33. год. ст.е., кога била освоена и Сегеста (Сисак). *cf.* M. Š. Kos, „Appian and Dio on the Illyrian wars of Octavian," *ŽA* 47.1-2. (1997), pp. 190-194; Мирковиħ, 2003, стр. 37-38. Меѓутоа, главниот напад започнал во 14. год. ст.е., најпрво под водство на Виникиј, потоа под Агрипа и на крај под Тибериј. Операциите траеле од 14. год. ст.е. до 9. год. ст.е. (*cf.* Bury, 1900, pp.95-98; Gruen, 1996, pp. 174-176).

[200] Дунав.

[201] „ ... и малку недостига за да подпаднат под власта на Римјаните, но сè уште не се сосем покорени, бидејќи гледаат надеж во Германите, кои се непријатели на Римјаните." (Strab., *Geog.*, VII.3.13.). Во времето на Август, неколку пати дошло до судири со Дакијците (особено во времето на кампањата на Крас во 29. год. ст.е.). Август тука најверојатно мисли на војната од 10. год. ст.е., кога Дакијците го минале замрзнатиот Дунав, но биле одбиени. Против-нападот го презел Корнелиј Лентул. Меѓутоа, тешко дека може да се зборува за покорување на Дакијците - борбите и на Крас и на Лентул биле само со дел од дакиските племиња (впрочем во 6. год. н.е. Дакијците повторно го минале Дунав).

[202] Прв пат, кога Август бил во Хиспанија (26.-25. год. ст.е.) и втор пат кога бил на Самос (20. год. ст.е.).

Бастарните,[203] Скитите,[204] кралевите на Сарматите кои живеат на обете страни на реката Танај[205] и кралевите на Албаните, Хиберите и Медите[206] преку пратеништва побараа да бидат пријатели со нас.[207]

(**Шестта табла**) 32. Како прибегари кај мене се засолнија кралевите на Партите - Тиридат,[208] а потоа и Фраат,[209] синот на кралот Фраат; кралот на Медите Артавазд,[210] кралот на Адиабените[211] Артаксар, кралевите на Британите[212] Думнобелаун[213] и ТинШкомијЌ,[214] кралот на Сугамбрите Маелон,[215] кралот на Маркоманите[216] и Свебите[217] ШСегимеЌр.[218] Кралот на Партите Фраат, синот на Ород, иако не беше поразен во војна, ми ги испрати сите свои синови и внуци во Италија, како завет, бидејќи го посакуваше нашето пријателство.[219] Многу други народи, кои никогаш претходно не беа размениле пратеништва ниту пак стапиле во пријателски односи со Римјаните, кога јас бев принкепс, го искусија пријателството со римскиот народ.

---

[203] Бастарните (германско племе, населено меѓу Дунав и Дњепар) биле неколку пати тешко поразени од Марк Ликиниј Крас во текот на неговата кампања 29.-28. год. ст.е. Во таа прилика Крас ги вратил ознаките што Гај Антониј ги загубил 30 години претходно.

[204] Номадски народ што доминирал во црноморската степа, сроден со Иранците.

[205] Дон.

[206] Во тоа време Медија била дел од партската држава. Август најверојатно го употребува ова име за жителите на Медија Атропатена.

[207] Машкин предпоставува дека овие пратеништва можеби биле предизвикани поради зајакнувањето на римското влијание во Боспорското кралство (Машкин, 1949, стр. 535).

[208] Види бел. 192.

[209] *cf.* Hor., *Carm.*, II.2.17.

[210] Пребегнал кај Август во 30. год. ст.е и потоа бил поставен за владетел на Арменија (29.-20. год. ст.е.).

[211] Мало кралство во северна Месопотамија, што било во вазален однос кон Партската држава.

[212] Племиња што ја населувале Британија пред Англо-саксонската инвазија. Поголемиот дел припаѓале на Кимричките Келти, кои најверојатно во VII - VI век ст.е. навлегле во Британија.

[213] На монетите се среќава како Dubnovellaunos.

[214] Аргументи за ваквото читање (наместо Tin-), кај J. E. Sandys, *Latin epigraphy*, London, 1975, p. 274 (n.2).

[215] Сугамбрите (западно германско племе, населено на долна Рајна во Холандија) биле покорени во 8. год. ст.е. и дел од нив биле префрлени на западната страна на Рајна (*cf.* C. Tacitus, *Ann.*, II.26.).

[216] Германско племе што се населило по долината на Мајна (cca. 100 ст.е.). Поради римскиот притисок, во 9. год. н.е. мигрирале на исток, во Бохемија.

[217] Германска група на племиња, кои што во I век н.е. биле населени по долината на Елба.

[218] Читањето е несигурно.

[219] Всушност, постапката на Фраат IV била мотивирана од желбата да го зацврсти престолот и да обезбеди мирно наследување (*cf.* Gruen, 1996, p.160).

33. Народите на Партите и Медите преку пратеништва составени од нивните првенци, од мене побараа и прифатија кралеви - Вонон,[220] синот на кралот Фраат и внук на кралот Ород, за Партите; Ариобарзан,[221] синот на кралот Артавазд и внук на кралот Ариобарзан, за Медите.

34. Кога бев конзул по шестти и седми пат, откако ги сопрев граѓанските војни, во време кога со едногушна согласност ги водев сите работи, ја пренесов Републиката од моја власт, на волјата на Сенатот и римските граѓани.[222] За оваа заслуга, со сенатска одлука бев наречен Август[223] и дирекот на вратата од мојата куќа на државен трошок е украсен со ловрови гранки, а граѓански[224] венец е поставен над мојата врата; а во куријата на Јулиј е поставен златен штит,[225] чиј натпис сведочи дека Сенатот и римскиот народ ми го дадоа поради мојата доблест,

---

[220] Во 6. год. н.е. партско пратеништво пристигнало во Рим со барање да биде ослободен Вонон - еден од синовите што Фраат IV своевремено ги испратил во Рим. Вонон бил соборен од престолот во 12. год. н.е. Потоа успеал да го заземе тронот во Арменија.

[221] Ариобарзан, синот на Артавазд (споменат во 32 поглавје), бил поставен на власт во Арменија во 3. год. н.е. (види бел. 178).

[222] Во 28. и 27. год. ст.е. „По 20 години, граѓанските војни беа запрени, надворешните војни беа завршени, мирот воспоставен, а бесот на оружјето насекаде успиен; возобновени беа моќта на законот, авторитетот на судовите, исто како и достоинството на Сенатот. Овластувањата на магистратите беа вратени во поранешните граници, со исклучок на преторите, каде на постоечките 8 им беа додадени уште двајца. Старата форма на Републиката, вообичаена во минатото беше воспоставена." (V. Paterc., *Hist. Rom.*, II.89.3-4.). Во 28. год. ст.е. Август дозволил фаските да се носат и пред Агрипа, неговиот колега во конзулатот, со што и формално конзулатот бил обновен како магистратура составена од двајца рамноправни членови (до тогаш Октавијан на колегите им го ускратувал правото да ги носат фаските). На сенатската седница одржана на јануарските иди 27. год. ст.е., Октавијан се откажал од сите вонредни овластувања стекнати во периодот 32.-29. год. ст.е. (*cf.* Syme, 1939, p. 307). Меѓутоа, ова било само формалност - извонредна претстава за конзервативците. Октавијан бил однапред избран за конзул до 23. год. ст.е., а ја прифатил и управата над Сирија, Киликија, Кипар, Галија и Хиспанија. Значи, до 23. год. ст.е., Август ја засновал својата власт на годишниот избор за конзул. Од 23. год. ст.е. тој ја зацврстува својата власт на сосем друга основа - на трибунските и проконзулските овластувања. Опширно кај Мирковиħ, 2003, стр. 17-23; Bury, 1900, pp. 12-26; Машкин, 1949, стр. 309-400; Wells, 1992, pp. 49-60; Е. Зографска, „За Августовиот принципат и неговата идејна подлога," *ŽA* XXI.1. (1971), стр. 303-312.. За власта на Август во периодот 27.-23. год. ст.е., види A. Giovannini, „Les pouvoirs d'Auguste de 27 à 23 AV. J.-C. Une relecture de l'ordonnance de Kymè de l'an 27 (IK 5, N° 17)," *ZPE* 124 (1999), pp. 95–106.

[223] На сенатската седница одржана на 16. јаунуари 27. год. ст.е., на предлог на Мунатиј Планк (види C. Suet., *Aug.*, 7.2.).

[224] Corona civica - одличје со кое се стекнувал некој војник, како награда што спасил живот на римски граѓанин. (*cf.* бел. 18)

[225] Копија од овој штит е најдена во Арл; текстот гласи: „Сенатот и римскиот народ му дарија штит на Император Каесар Август, син на божествениот, осум пати конзул, поради неговата доблест, благост, праведност и побожност кон боговите и татковината." (*EJ*² 22)

благост, праведливост и побожност. Оттогаш, сите ги надминував со авторитетот,[226] но во ништо немав моќ поголема од онаа што ја имаа сите што ми беа колеги во должностите.[227]

35. Кога бев конзул по тринаесетти пат, Сенатот, еквестрискиот слој и сиот римски народ, ме нарекоа татко на татковината[228] и беше одлучено дека тоа треба да се испише над влезот во мојот дом, во куријата на Јулиј и на форумот на Август- пред двоколката што со сенатска одлука ми беше поставена. Кога го напишав ова, имав 76 години.[229]

## Додаток[230]

1. Вкупната сума што ја даде или на државната благајна или на римските плебејци или на исслужените војници, изнесуваше 600.000.000. денарии.[231]

2. Новите зданија што ги изгради се: храмот на Марс, на Јупитер Пленоносец и Громовник, на Аполон, на божествениот Јулиј, на Квирин, на Минерва, на Јунона Владетелката, на Јупитер Ослободителот, на Ларите, на Пенатите, на Младоста, на Големата Мајка, Луперкалот,

---

[226] Станува збор за еден извонредно важен поим во римскиот систем што не може соодветно да се преведе. Auctoritas го означува влијанието што, според обичаите а не според пишаните закони, му припаѓа колективно на Сенатот и поединечно на најистакнатите граѓани. (*cf.* SYME, 1939, p. 322). За значењето и практичната вредност на auctoritas, најдобро говори примерот кај Дион: „Кога некој Марк Примус, бил обвинет дека додека бил управник на Македонија завојувал на Одрисите, а овој еднаш одговорил дека така постапил со одобрение на Август, а потоа пак со одобрение на Маркел, Август своеволно (αὐτεπάγγελτος) дошол во судницата и кога бил прашан од преторот дали му наредил да војува, одрекол. А кога бранителот на Примус - Ликиниј Мурена, дофрлувајќи му недолични забелешки, го прашал - Што правиш тука и кој те повика? - овој кратко одговорил - интересите на народот." (Cass. Dio, *Hist. rom.*, 54.3.2-3.). Значи, Август не се повикал ниту на трибунските овластувања, ниту на проконсуларниот империум, туку едноставно на својата auctoritas. Токму со својата auctoritas, Август и можел во 19. год. ст.е. да го назначи Квинт Лукретиј за конзул (види бел. 78). Види и Cass. Dio, *Hist. rom.*, 54.30.4-5.

[227] Меѓутоа, суштествената разлика меѓу Август и сите други магистрати, не е само тоа што тој имал собрано разни ингеренции од разни функции, туку и (особено) во тоа што неговите овластувања биле доживотни, наспроти вообичаеното временско ограничување на магистратурите.

[228] Официјално бил наречен „татко на татковината" на 5. февруари 2. год. ст.е. Види C. Suet., *Aug.*, 58.

[229] Август наполнил 76 години на 23. септември 13. год. н.е. Умрел на 19. август 14. год. н.е., во Нола.

[230] Додатокот бил допишан од некој локален магистрат, т.е. не е дел од официјалната верзија на текстот.

[231] 600.000.000. денарии = 2.400.000.000. сестертии. Збирот од трошоците што Август ги споменува во 15-17 глава изнесува 2.199.800.000 сестертии.

пулвинарот кај киркот,[232] куријата со халкидикумот, форумот на Август, басиликата на Јулиј, театарот на Маркел, портикот на Октавиј,[233] лагот на Каесарите од другата страна на Тибер.

3. Го поправи Капитолиј и светите градби- 82 на број, театарот на Помпеј, аквадуктите, Фламиниевиот пат.

4. Невозможно е да се изборјат трошоците за театарските претстави, гладијаторските борби, атлетските натпревари, хајките на ѕверови и претставата на поморска битка, како и паричните подароци за колониите, Шза муникипиите,Ќ[234] за градовите пострадани од земјотрес и пожар или за поединечни пријатели и сенатори, чиј кенс го дополни.[235]

**Кратенки:**


- Bury, 1900 = J. B. Bury, *A History of the Roman Empire: from its foundation to the death of Marcus Aurelius (27 B.C.-180 A.D.)*, London, 1900.

- *CAH* X = A. K. Bowman - E. Champlin - A. Lintott (eds.), *The Cambridge Ancient History*$^2$ X: *The Augustan Empire 43 B.C. - A. D. 69*, 1996.

- *CIL* = *Corpus Inscriptionum Latinarum.*

- Crook, 1996 = J. A. Crook, „Political history," in *CAH* X, pp. 70-112.

- *EJ*$^2$ = V. Ehrenberg - A. H. M. Jones, *Documents Illustrating the Reigns of Augustus and Tiberius*, 2nd edn., Oxford, 1975.

- Gruen, 1996 = E. S. Gruen, „The expansion of the empire under Augustus," in *CAH* X, pp. 147-197.

- Hill, 1909 = G. F. Hill, *Historical Roman Coins: from the earliest times to the reign of Augustus*, London, 1909.

- *ILS* = H. Dessau, *Inscriptiones Latinae Selectae.*


---

[232] Во грчиот текст пулвинарот не е споменат.

[233] Латинскиот текс е оштетен и не може да се прочита името на портикот. Но, сочуван е грчкиот текст: στοαὶ ἐν Παλατίωι - портиците на Палатиј. Во грчкиот текст е споменат и портикот кај киркот на Фламиниј (στοὰ ἐν ἱπποδρόμωι Φλαμινίωι).

[234] Предпоставено читање - латинскиот текст е оштетен, а грчкиот гласи: δωρεαί τε ἀποικίαις πόλεσιν ἐν Ἰταλίαι, πόλεσιν ἐν ἐπαρχείαις (подароците за колониите во Италија и градовите во провинциите).

[235] Овие донации не ги споменува Август. Некои градови што добиле помош од Август може да се идентификуваат преку други извори: Венафрум во Кампанија (*ILS* 5743 = *EJ*$^2$ 282); Неапол (Cass. Dio, *Hist. rom.*, 55.10.); Пафос на Кипар (Cass. Dio, *Hist. rom.*, 54.23.7.); повеќе градови во Азија што настрадале од земјотреси (Cass. Dio, *Hist. rom.*, 54.30.3.); Трал, Лаодикеја, Тијатира и Хиос (C. Suet., *Tib.*, 8.1.). За помагањето на осиромашените сенатори, види C. Suet., *Aug.*,41.1.

- *OCD*[2] = N. G. L. HAMMOND & H. H. SCULLARD (eds.), *Oxford Classical Dictionary*, Oxford, 1970.

**- PELHAM, 1911 = H. F. PELHAM, *Essays on Roman History*, Oxford, 1911.**

**- PELLING, 1996 = C. PELLING, „The triumviral period," in *CAH* X, pp. 1-69.**

**- PLATNER - ASHBY, 1929 = S. B. PLATNER, *A topographical dictionary of Ancient Rome*, completed and revised by T. ASHBY, London, 1929.**

- SEYFFERT, 1894 = O. SEYFFERT , *Dictionary of Classical Antiquities*, London, 1894.

**- SMITH, 1870 = W. SMITH (ed.), *Dictionary of Greek and Roman Antiquities*, Boston, 1870.**

**- SYME, 1939 = R. SYME, *The Roman Revolution*, Oxford, 1939.**

**- WELLS, 1992 = C. WELLS, *The Roman Empire*, Glasgow, 1992.**

- МАШКИН, 1949 = Н. А. МАШКИН, *Принципат Августа*, Москва-Ленинград, 1949.

- МИРКОВИЋ, 2003 = М. МИРКОВИЋ, *Римска држава у доба принципата и домината (27. пре Хр. – 337. н.е.) - од Августа до Константина,* Београд, 2003.